FRIEDRICH EBERT STIFTUNG
OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER
ПРОГРЕС
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА
KALEVI SORSA SÄÄTIÖ
FONDEN • FOUNDATION

# ЗАВРШНИ ТРУДОВИ ОД ПОЛИТИЧКАТА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2017/2018



# ЗАВРШНИ ТРУДОВИ ОД ПОЛИТИЧКАТА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2017/2018

# СОДРЖИНА


» ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРИ КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО 5

» ПОЛИТИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ОДЛИВ НА МОЗОЦИ 21

» АНАЛИЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ 3-6-9 31

» СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 47

» ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ 54

# ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРИ КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Ана Манасиева
Александар Зафиров
Блажена Огненоска
Драган Мечкароски
Живка Иванова
Иван Кузмановски
Иван Цветановски

## Извршно резиме

Овој документ е дел од групните истражувачки трудови во рамки на деветтата Политичка академија за социјална демократија. Темата што е опфатена се однесува на активното учество на младите во процесот на донесување одлуки на локално ниво.

Проблемот што се проучува е тоа колку младите се активни чинители во нашето општество и кое е нивното влијание во креирање на квалитетни политики за млади во рамките на локалните заедници.

Со нашето истражување можеме да заклучиме дека помеѓу младите постои недоволна иницијатива и доза на неверување дека преку нивната активност ќе придонесат кон потребните општествени промени. Младите не се мобилизирани и организирани и не ги користат доволно механизмите кои постојат за да се наметнат како приоритет.

Потребно е да се зголеми младинската проактивност и да се креираат нови пристапи кон младински активизам. Младите најдобро знаат кои се нивните приоритети и прашањата кои ги тангираат сите млади луѓе. Токму затоа и препораките во овој труд се во насока на зголемување на бројот млади кои директно ќе бидат вклучени во општествените процеси и создавање можности за младински развој со цел подобрување на состојбата со младите во Република Македонија.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна цел на ова истражување е да се идентификуваат причините за тоа колку и зошто младите се приклучуваат кон одредени организации (граѓански и политички) на локално ниво. Истражувањето е комбинација од теоретски дел и емпириско истражување (спроведување на онлајн анкети и интервјуа).

Со ова истражување очекуваме да ги детектираме причините зошто младите одлучуваат да се приклучат кон организирано делување на локално ниво и дали мислат дека преку нивната активност влијаат кон одредени промени во општествената заедница. Преку онлајн прашалници ќе го испитаме мислењето на одредена бројка на млади за клучни прашања кои ја дефинираат нивната активност, а од друга страна ќе бидат спроведени интервјуа со млади личности, кои се пример за тоа како преку членство во организации може да се биде активен во општеството.

Посебен дел ќе биде посветен и на локалните младински совети, затоа што сметаме дека тие се појдовна точка од каде треба да се истакне и промовира младинското учество и претставуваат клучна алатка за развојот на младински политики на локално ниво.

Откако ќе биде анализирана состојбата и ќе бидат воочени придобивките и недостатоците од досегашното искуство и работење, ќе дадеме неколку препораки за тоа како сметаме дека треба да се делува во иднина, со цел подобрување на состојбата со младите во Република Македонија и зголемување на бројот на активни млади кои директно ќе бидат вклучени во процесот на донесување одлуки.

## 2. ВОВЕД

За да може едно општество да се развива демократски и со целиот свој капацитет потребно е да бидат вклучени сите негови граѓани, вклучувајќи ги тука и младите луѓе како важен човечки потенцијал со своите идеи и визии. Младите како интегрален дел на општеството придонесуваат општеството да се движи кон позитивниот правец на економски, политички, социјален и културен развој.

Во преамбулата на ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, учеството на младите е дефинирано на следниот начин: *„Учеството во демократскиот живот на било која заедница е повеќе од гласање или излегување на избори, иако и тие се важни елементи. Учеството и активното граѓанство е имање на право, средства, простор и можност и каде што е неопходно добивање на поддршка за да се учествува во и да се влијае на одлуките и да се вклучува во дејства и активности за да се допринесе во градењето на подобро општество.“*[1]

Роџер Харт предлага модел на таканаречена „скала на детско учество“, која ги прикажува степени на вклученост на децата и младите во проектите, организациите или заедниците:[2]

1. Манипулација на младите (неучество);
2. Младите како декорација (неучество);
3. Токенизам – младите како пиони (неучество);
4. Назначени и информирани млади;
5. Консултирани и информирани млади;
6. Заедничко донесување на одлуки на иницијатива на возрасните;
7. Младите како предводници и иницијатори и
8. Заедничко донесување на одлуки.

1 Ревидирана Европска Повелба за учеството на младите луѓе во локален и регионален живот, Повелба без статус на конвенција, 21 мај 2003 – Додаток на Препорака 128.
Дата на пристап: 13.04.2018 година http://ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/evropska-povelba-za-mladi.pdf стр.5

2 Кажете го своето!: Прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, Кажете го своето, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ноември 2015, стр.14.

Младинското организирање во било која форма игра важна улога во креирањето на младински политики кои можат да го подобрат квалитетот на живеење и да ги решаваат проблемите кои ги засегаат.

Младинските истражувачи и практичарите на младинската работа укажуваат дека корисното младинско учество:[3]

- Позитивно ги менува животите на младите луѓе;
- Овозможува да се чуе гласот на младите;
- Ги стимулира младите да развиваат нови вештини и да стекнат поголема доверба;
- Им помага на возрасните да ги препознаат талентот и потенцијалот на младите;
- Ги стимулира младите да превземат одговорност за своите активности и одлуки;
- Им помага на младите да сфатат како функционира демократијата и како треба да функционира во реалноста;
- Создава простор за да ги користат младите своите таленти и силни страни за доброто на целата заедница или организација;
- Им помага на возрасните да ги сфатат потребите и гледиштата на младите;
- Ги развива вештините на возрасните за да можат ефикасно да работат со младите;
- Создава можност за возрасните да го споделат своето знаење и искуство без притоа да личи на „попување";
- Прави процесот на одлучување да биде порепрезентативен и
- Стимулира нови пристапи и идеи при решавањето на локалните и регионалните проблеми.

Едно општество може да се пофали со тоа дали е успешно и преку тоа колку простор им дава на своите млади генерации да го истражуваат во сите сегменти. Младинските политики кои постојат во државата се одраз и мерен инструмент и на тоа дали и колку партиципираат младите со своето учество и го градат општеството.

Локалните и регионалните власти треба на младите да им овозможат пристап до нивните права преку:

- развивање на нивното знаење со ширење на информации, претежно во училиштата, врсничките (peer) групи и службите за информирање;
- применување на нивните права со поддршката на услуги дизајнирани да работат меѓу младите кои го посакуваат ова и
- овозможување на учество на младите во составувањето на новите правила.4

За да може да се зборува за вистинско младинско учество во општеството со млади кои ќе креираат политики за да си го подобрат квалитетот на своето секојдневието, државата преку своите институции мора да им стави на избор инструменти со кои би се служиле. Така, младите луѓе потребно е да се развиваат со континуирани обуки (формално и неформално образование) во различни области, да се информираат за сите тековни активности и прашања кои ги засегаат, потоа да им се стави на располагање финансиска поддршка за одредени проекти, да се промовира волонтерството меѓу младите и нивното меѓуетнички и меѓукултурно здружување.

Динамичен, независен и активен невладин сектор е основен елемент на секое вистинско демократско општество. Од голема важност е другите сектори на граѓанското

3 Ибид, стр.18.

4 Ревидирана Европска Повелба за учеството на младите луѓе во локален и регионален живот, Повелба без статус на конвенција, 21 мај 2003 – Додаток на Препорака 128.
Дата на пристап: 13.04.2018 година http://ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/evropska-povelba-za-mladi.pdf, стр.21.

општество како што се политичките партии да бидат силни и активни на локално и регионално ниво. Учеството во демократскиот живот во секоја земја, регион или локално претставува повеќе од гласање од избори на избори. Од таа причина, учеството во невладините организации и политичките партии е важно, бидејќи тие им помагаат на граѓаните да бидат вклучени и да влијаат на одлуките и активностите на континуирана основа. Затоа од особена важност е младите луѓе да бидат охрабрени и поддржани да учествуваат во социјалниот живот на нивните заедници.[5]

Младинскиот активизам во една заедница е важен и од аспект на можноста да се креира партнерство меѓу Владата на државата и младинските форми на организирање со цел да се влијае врз политиките кои ги креира владата. Општествените промени кон подобро се можни само со позитивно изјаснување на институциите во државата за формирање на сојуз со младите и работење на проекти од интерес за младите.

## 3. КРЕИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Во една демократска држава секогаш треба да се отстапи простор на сите граѓани да можат да учествуваат во креирање на политиките кои го засегаат квалитетот на нивниот живот. Учеството во донесување на политики на локално ниво секогаш е првиот чекор за искористување на сите потенцијали и идеи кои произлегуваат од граѓаните, а посебно од младите кои се спремни да се вложат со својот капацитет во подобрување на своето општество.

Младите луѓе сочинуваат значителен дел од населението во многу локални заедници, а сепак нивната улога и влијание се прилично ограничени кога станува збор за локалните прашања. Поради креирањето на локалните политики, управувањето со локалните ресурси и изнаоѓањето начини да се подобри квалитетот на животот на членовите на заедницата, локалните власти имаат клучна и единствена улога во создавањето на условите кои им се потребни на младите за да учествуваат. Локалните власти се исто така „најблиско до младите", па затоа имаат одговорност да обезбедат пристап до активно граѓанство и локално демократско учество. [6]

Партиципативното соработување на сите чинители во општината е неопходно, иако е сложена процедура и голем предизвик. Локалните власти се тие кои треба да бидат поттикнувачи на подигање на свеста за младинскиот активизам и да ги храбрат младите за да ги искажат своите потреби, со цел младите во нив да гледаат како на партнер за градење на силна локална заедница. Во случаи кога локалната власт покажува незаинтерсираност за проблемите на младите, граѓанскиот сектор кој е коректив и посматрач на локалната власт, треба да ги активира своите механизми за да ги вклучи младите во отворено идентификување на проблемите кои ги тангираат и остварување на своите планови планови и политички приоритети преку реализирање на проекти.

Соработката може да се одвива во разни област, но и на разни нивоа. Во некои заедници, партнерствата се создаваат за да се разрешат одредени локални проблеми (на пример, ограничен пристап до култура), или за да се спроведат посебни политики (како локалната политика за борба против алкохол и зависност од дрога). Во други заедници, пак, соработката се воспоставува на ниво на одлучување, па младите и младинските организации се покануваат да учествуваат во управните состаноци за време на кои се влијае на политиките или се донесуваат одлуки кои влијаат за нив. Последното ниво за воспоставување на соработка е резултат на преговори за да може да се испонат потребите и

5 Ибид, стр.28.

6 Кажете го своето!: Прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, Скопје, ОБСЕ, ноември 2017, стр.46.

интересите на сите засегнати страни. На крајот, иако соработката помеѓу локалните чинители може да биде во различна форма, главната цел останува иста – силните партнерства придонесуваат кон градење на подобар живот во заедницата.[7]

Некои поистакнати организации за дејствување на младите се:

- **АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**[8] ги врши работите што се однесуваат на: грижата за статусот на младите, поттикнувањето и помагањето на различните облици на организирање на младите, преземање на активности за создавање на услови за задржување во Република Македонија на способните и талентираните млади, како и создавањето на услови за нивно враќање во Република Македонија, следење на спортските и спортско-рекреативните активности од областа на спортот.
- **НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ (НМСМ)**[9] е сојуз на здруженија во кој ги застапува интересите на младите во Република Македонија Од 29 ноември 2015 година, Националниот младински совет на Македонија е дел од европското семејство на младински организации, Европски младински форум ЕМФ.
- **МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ –Скопје**[10] формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел на промовирање на критичко мислење, поттикнување на толеранција и почит кон туѓите идеи и ставови, промовирање на правото и демократијата и развивање на ставови за правните процеси и вклучување на младината во нив.
- **КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ “СЕГА”**[11] формирана со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на Република Македонија и да помогне во исполнување на потребите на младите.

## 4. АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Локалните младински совети претствуваат алатка која младите можат да ја искористат за да ги поттикнат локалните и регионалните власти да ги спроведат политиките во целосна консултација во нив, но и за соработка на младите на локални и регионално ниво. Младите мора да добијат право, средства, простор, можности и поддршка да учествуваат во донесувањето на одлуки и креирање на политики.

Со цел соодветно анализирање на локалните младински совети, беше извршена консултација со претставниците од Мисијата на ОБСЕ во Скопје кои работат на оваа проблематика. Од нивна страна како позитивни примери за локални младински совети ни беа посочени следните општини:

- Општина Битола
- Општина Кичево
- Општина Крушево
- Општина Струмица и
- Општина Центар.

7 Ибид, стр.70.

8 http://ams.gov.mk/agencija/5-za-agencijata дата на пристап: 17.04.2018 година.

9 http://www.nms.org.mk/mk/shto-e-nmsm-2/ дата на пристап: 17.04.2018 година.

10 http://mof.mk/doc/MOF-Statut-noemvri-2014.pdf дата на пристап: 17.04.2018 година.

11 http://www.sega.org.mk/web/ дата на пристап: 17.04.2018 година.

Добиените информации за функционирањето на подолу посочените локални младински совети се добиени во разговор со координаторите на локалните младински совети или со одговорното лице за односи со јавноста.

- **Локален младински совет Битола**

Советот на Општина Битола го има формирано Локалниот Младински Совет кој претставува советодавно работно тело на Советот на Општина Битола и им дава можност на младите да имаат директна поврзаност со општината и учество во процесите на носење и имплементација на одлуки во сите аспекти на општественото живеење кои ги засегаат. Советот на млади предлага до Советот на Општина Битола иницијативи и мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за прашањата кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Битола. Главната цел е воспоставување на дијалог помеѓу општината и претставничкото тело на младите, потоа подобрување на квалитетот на животот на младите преку програмски и логистички интервенции од страна на општината и граѓанскиот сектор како и олеснување на преминот на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување. Исто така, со одлука на седница, Советот на млади на општина Битола е утврдено да се прошири структурата на телото со надворешни членови коишто ќе учествуваат во работата на Советот на млади на Битола. Надворешните соработници активно се вклучени во работата на Советот на млади и во давање свој придонес кон подобрување на животот на младите во Битола.

Воедно, Советот на Општина Битола во 2014 година ја има усвоено Стратегијата за млади на Општината Битола (2014 – 2019), чија што намена е да им се овозможи на младите услови во кои тие ќе можат да го достигнат својот потенцијал и со тоа ќе придонесат и за развојот на целокупното општество.

- **Локален младински совет Кичево**

Младински совет е советодавно тело на општина Кичево, основано со одлука на Советот на општината, со цел да се инкорпорираат младите од Кичево во процесите на одлуките на локална власт. Телото има 11 членови, вклучувајќи ги тука претседателот и неговниот заменик. Претставници од младинскиот совет имаат можност да присуствуваат на седниците на општината со цел да разговараат за креирање на политики од интерес на младите и решавање на нивните проблеми. Општина Кичево обезбедува финансиски средства за работа на Младински совет и простор за одржување седници на Младински совет во општина Кичево.Членовите на Младински совет не примаат надоместок за својата работа.

Членови на Младински совет автоматски се претседателите на средните училишта избрани врз основа на внатрешните акти на средните општински училишта. Кандидатите за членови на Младински совет ги предлагаат здружениите на младите, и здружениите кои се бават со млади, студентски совети, и други регистрирани облици на организирање на младите и млади кои самоволно аплицират во јавниот повик.

Градоначалникот на Општината од страна на администрацијата на Општина Кичево го именува координаторот на Младински совет по избраните членови на истата. Членовите на Младинскиот совет се избираат на две години. Младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш на два месеци.

Младински совет има Деловник за работа кој го донесува со мнозинство од вкупно избраните членови на советот на млади.Со Деловникот за работа поблиску се уредува начинот за работа, избор на претседател и заменик.

Младинскиот совет донесува програма за работа на Младинскиот совет и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

- **Локален младински совет Крушево**

Локалниот Младински Совет на Општина Крушево (ЛМС Крушево) е советодавно тело на Советот на Општина Крушево.Телото е составено од пет члена кои ги избира Советот на општината по претходен јавен оглас на кој се пријавуваат заинтересираните кандидати. Мандатот на избраните членови е четири години. Покрај назначените пет членови од страна на Советот, во рамките на ЛМС Крушево, а во согласност со Деловникот за работа на телото, формирано е и Собрание.Собранието брои 11 членови ( 5 постоечки + 6 други членови кои ги избираат самите членови на ЛМС). Собранието е советодавно тело на ЛМС.

Најчесто одлуките во внатрешното функционирање на телото се одвиваат по пат на договор, разговори и објаснувања за тоа која одлука е подобра во дадениот момент. Според Статутот на Општина Крушево, ЛМС Крушево има право на "столче во советот". Тоа значи дека ЛМС, како тело, е покането да присуствува на седниците на Советот на Општина Крушево за да во рамките на своите овластувања биде активно и активно се вклучи во процесите на донесување на одлуки.

Што се однесува до позитивните и негативните искуства, претставникот на ЛМС Крушево издвојува дека со оглед на тоа што се прв состав на ЛМС во општината, најпрво се соочиле со предизвици кои се однесуваа на нивно признавање од страна на носителите на одлуки и службите во општината. Со континуирана комуникација со нив и со напорна работа за афирмација на телото, успеале да бидат признаени од нивна страна што го сметаат за успех. Она што според нив е најголем предизвик (не само за ЛМС Крушево туку и за останатите во државата), е тоа што не постојат унифицирани и стандардизирани прописи кои би важеле за сите локални младински совети, односно правила кои би ги следеле сите општини. Стандардизацијата треба да се однесува на прашањето за самата дефиниција за тоа што е ЛМС, функцијата која ЛМС ја има, изборот на членови, начинот на аплицирање, како и активностите кои би требало да ги извршува ова тело. Уште еден позитивен момент на работата на ЛМС Крушево го сметаат и тоа дека покажале дека понекогаш младите знаат повеќе, односно дека нивната иновативност, идеи и желба за подобро Крушево не се само за предизборна кампања, туку дека треба да се и се нивно секојдневие.

- **Младински Совет Струмица**

Младински совет Струмица постои е формиран во 2007 година и веќе десет години дејствува како невладина организација, чие што работење го финансира општина Струмица, преку посебен буџет за оваа намена. Најголемата група на членови ја сочинуваат средношколците, а по нив влегуваат и учениците од основните училишта како и млади од другите возрасни групи. Младински совет Струмица, младите луѓе ја доживуваат како младинска платформа од која имаат произлезено голем број активности од културно-забавен аспект, хуманитарни и иновативни проекти, едукативни настани и сл. Од своето формирање во него се имаат вклучено над 2.500 млади кои сите заедно имаат реализирано повеќе од 150 проекти во интерес на младите и општеството.

Одлуките во Младински Совет се донесуваат со консултација на сите членови, а крајниот предлог оди кај координаторот. Крајна цел на избраниот проект за тековниот период е да се поттикне младинскиот активизам и подобра иднина на младите луѓе во Струмица. Проектите кои ќе се реализираат во тековната година се избираат од програмата на Младински Совет која е направена за четири години, а потоа избраните проекти се презентираат кај Градоначалникот и Совет на општина Струмица.

Во однос на избраните проекти, така се доделуваат и паричните средства за проектите. Советниците од Советот на општина Струмица досега немаат правено опструкции на било кој проект од Младински совет, што се смета за еден од клучните моменти за успешното функционирање на Младински совет. Присуството на седниците на Совет на општина Струмица е овозможено, но најчесто присутвуваат кога на дневниот ред има точки поврзани со млади. Присутен на седницата е Координаторот на Младински совет.

- **Локален младински совет на општина Центар**

Локален младински Центар започнал како иницијатива поттикната од проект на Европската унија, изведен од МОФ и ЦИД за основање на младински совети во 12 општини во државата. Како „виновен" за формирањето на локалниот младински совет Центар е Мисијата на ОБСЕ во Скопје, затоа што биле единствена организација која успеала да ги седне на маса претставниците на политичките подмладоци од двете најголеми политички партии, СДММ и УМС[12] за да се формира младински совет кој би бил инклузивен и сеопфатен за сите млади од општината (УМС одбиваа да се приклучат кон иницијативата за формирање на ЛМС).

Се формирало Собрание на локалниот младински совет каде што освен младинските организации, свои претставници имале и подмладоци од политичките партии. На Собранието се избрале осум членови од вкупно 11, кои што биле дел на извршниот одбор на ЛМС и биле дел од граѓанскиот сектор, додека другите тројца биле избрани директно од Советот на општина Центар и биле претставници на политичките партии.

Една од најважните работи за успешно функционирање на секој локален младински совет е координаторот од општината. Практично тоа е човек кој треба да биде врска меѓу општината и локалниот младински совет, а тоа го прави практично најкруцијална личност во целата ситуација со ЛМС.

Претставниците на политичките партии се важна алка во функционирање на ЛМС бидејќи тие се оние кои што ги имаат партиските контакти, а со тоа и контакт со општините во кои е формиран младинскиот совет. Политичките партии мора да внимаваат на квалитетот на личностите кои ги праќаат за свои претставници во ЛМС затоа што од нив зависи и каков ќе биде квалитетот на функционирањето.

Она кое што го сметаат за предизвик за функционирањето било посветеноста на членовите за работа, бидејќи истата е неплатена - општината ги подмирува сите трошоци, па ентузијазмот полека исчезнал во првите шест месеци. Процесот на донесување одлуки не се одвивал како што бил замислен според правилата, туку се адаптирал на реалната ситуација, од причина што членовите ретко доаѓале на состаноци, па обврските се делегирале преку социјалните мрежи или телефон.

Како друга негативна особина на локалниот младински совет е делумната способност на општинската администрација , која често нема политичка волја да ја потпомогне и реализра идејата или проектот на локалниот младински совет, онака како што е замислено и предложено.

Позитивно од функционирањето на локалниот младински совет било поделбата по области во која секој од членовите сметал дека може да придонесе најдобро со своето стручно образование.

## 5. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 5.1 Анализа на анкетните прашалници

Анкетниот прашалник беше изготвен електронски и содржеше 11 прашања со неколку понудени одговори. Анкетата беше одговорена од 538 испитаници на возраст од 16-30 години, од речиси сите градови во државата.

12 СДММ – Социјалдемократска младина на Македонија; УМС – Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ.

### Пол:

538 responses




### 1.Дали во Вашата општина постои Младински Совет?

538 responses




### 2.Колку сте запознаени со работата на Младинскиот Совет (доколку има)?

538 responses



### 3.Дали Младинскиот Совет креира политики во интерес на сите млади?

538 responses




### 4.Дали мислите дека Младинските Совети во РМ можат да влијаат врз донесувањето одлуки кои ги тангираат младите на локално ниво?

538 responses




### 5.Доколку би постоел Младински Совет во секоја општина којшто ќе се залага за интересите на младите и креирање политики, дали сметате дека ќе се зајакне влијанието на младите во донесувањето одлуки?

538 responses



### 6.Дали сте биле дел од проект или идеја кои биле иницирани и спроведени од тим на млади луѓе во Вашата општина?

538 responses




### 7.Доколку сте биле дел од таа иницијатива или проект во Вашата општина дали сметате дека Вашите предлози имале влијание и придонеле кон конечните одлуки или резултати?

538 responses




### 8.Дали како средношколец\средношколка сте учествувале во управување и донесување одлуки на ниво на училиштето?

538 responses



**9.Доколку постои Младински Совет во Вашата општина дали би се вклучиле во активностите и настаните коишто се во негова организација?**

538 responses




**10.Дали сте запознаени со работата на Агенцијата за млади и спорт и Националниот Младински Совет на Македонија (НМСМ)?**

538 responses




**11.Дали верувате во донесувањето на одлуки на локално ниво од страна на младински тим, кој како еден вид орган на општината ќе се залага независно и исклучително за младата популација од 16-30 годишна возраст?**

538 responses



## 5.2 Анализа на спроведените интервјуа

Клучна компонента на истражувањето беше спроведување на анкетата, односно прашалниците со помош на кои се направи анализа кај засегнатите страни/чинители во доменот на младински политики во однос на информираност, вклученост на младите при креирање политики на локално ниво, разлика меѓу партиска политика и јавна политика, младински совети и закон за млади. Истражувањето вклучи млади политичари, активисти и стручни лица од оваа област, сè со цел да се допре до сржта на оваа тематика и најпрецизно да се прикаже младинската политика.

- **Стефан Богоев** *(градоначалник на Општина Карпош, поранешен пратеник во Собранието на Република Македонија и претседател на СДММ)*
- **Александра Филипова** *(Национален Младински Совет на Македонија-НМСМ)*
- **Дарко Каевски** *(директор на Агенција за млади и спорт и потпретседател на СДММ)*
- **Рената Јајоска** *(советничка во Општина Аеродром, член на извршен одбор на СДММ и потпретседателка на Млади европски социјалисти)*
- **Ивана Туфекџиќ** *(пратеничка во Собранието на Република Македонија)*
- **Петар Божинов** *(поранешен советник во Советот на Општина Струмица)*

- **Информираност**

Според истражувања кои покажуваат дека младите не се запознаени со термини како младинска политика, ниту пак во минатото знаеле дали нивната општина и Владата спроведувале младински политики и ако да, кои се тие. Сепак, партиите преку своите подмладоци се тие кои опфаќаат најголем број на млади лица во Македонија, па информираноста и едукацијата за овие разлики треба да почне оттаму. Информираноста секако е на доста ниско ниво, поради голем број на фактори, а младинското активно вклучување во општествените процеси генерално зависи од довербата на младите во институциите и вербата дека промени се возможни. Но сепак мора да се напомене дека во современо и напредно време младите можат брзо да дојдат до точни информаци преку различни извори како што се социјални медиуми, портали, телевизија и сл., да ја проверат веста или исправноста на предложената политика, да креираат свој став, а подоцна и да се активираат на општествено – политички план.

- **Вклученост на младите при креирање младински политки на локално ниво**

Младинскиот совет треба да биде едно креативно тело кое ќе настапува со свои идеи и иницијативи за активирање на младите на локално ниво, ќе изработи локална стратегија за детектирање на проблемите, но и ќе иницира многу настани, вмрежување меѓу младите и повозрасните и останатите чинители во општината.

Младински центри односно младински канцеларии се уште еден механизам преку кој на младите ќе им се овозможи заеднички простор во кој ќе може да учат, да се дружат и заеднички да ги креираат нивните активности и решенијата на предизвиците, односно преку ваков простор да се поттикнуваат заеднички да работат и да бидат активни.

- **Разлика меѓу партиска политика и јавна политика**

Голем дел од младите кај нас не разликуваат партија од политика и често ги испостоветуваат овие два термини. Причината за ова секако е првично недоволната информираност на младите околу овие теми. Но, од друга страна, за жал и состојбата во државата беше таква да овие два термини и во пракса се поврзуваа, па работата на јавните институции и државата беше сведена на политичка рамка, без притоа да се укаже на таа разлика.

Младите како категорија која претставува една четвртина од населението во Р. Македонија, треба да бидат активни чинители во општеството. Токму затоа секој млад човек треба да прави разлика помеѓу овие два термини, потенцирајќи го тоа колку е политиката суштински дел од општествениот живот.

- **Локални младински совети**

Целта на постоењето на Локалните младински совети е тие во голема мера да придонесуваат кон здружување на младите и нивно поголемо вклучување во општествените процеси и во процесите на донесување одлуки на локално ниво.

Воспоставување на локални младински совети е еден од механизмите за активни млади на локално ниво. Тоа би значело дека локалните младински совети ќе ги застапуваат интересите и потребите на младите на локално ниво пред единиците на локалната самоуправа кои ќе имаат советодавна улога во однос на донесување одлуки за политиките кои ја засегаат оваа целна група.

- **Закон за млади**

Законското регулирање на младинските прашања е многу важно за развој на политиките кои се однесуваат на млади и за унапредување на положбата на категоријата млади во општеството. Од новиот Закон за млади се очекува да биде функционален и лесно применлив.

Потребен е закон кој ја поддржува соработката меѓу институциите и младите, закон во кој се признава младинскиот работник и ја јакне сигурноста на младите луѓе по завршување на формалното образование, да се воспостави правна рамка преку која ќе се обезбеди директно младинско учество, годишен буџет за млади, претставничко тело за млади, сервиси за млади и сл.

Преку прашалниците упатени до младите претставници од различни институции и функцијата која ја вршат во интерес на младите и креирањето младински политки, доведе до значаен придонес во овој истражувачки труд изнесувајќи ги детално сите проблеми со кои младите се соочуваат, методи за решавање на проблемот, препораки за подобрување на младинското учество при креирањето младински политики и начини како да се имплементираат идеите на младите, организираност, функционирање и застапување на интересите на младите во локалните самоуправи.

## 6. ЗАКЛУЧОК

По направената анализа на состојбата со младинската активност на локално ниво и факторите кои влијаат на тоа, дојдовме до следниот заклучок. Младите се недоволно информирани за можностите за вклучување во одредена организација, а најголема причина за нивната неактивност е недоволна иницијатива. Голем број од младите сметаат дека нивниот глас не е слушнат од институциите и дека немаат скоро никакво влијание во процесот на донесување одлуки.

Функционирањето на младински совети е условено од работата на општините. Очигледен пример за тоа е случајот во Тетово, каде што локалната власт не даде дозвола за формирање на советот, не сакајќи да го слушне гласот на младите, и со тоа ги остави младите без простор да можат нивните проблеми да ги адресаат на вистинското место.[13]

Во повеќето од случаите локалните младински совети постојат само како структура, без притоа да ја знаат својата улога и обврски.

13 Креирање на младински политики преку локалните совети на млади, Документ за јавна политика, Прогрес-Институт за социјална демократија и Фондацијата „Калеви Сорса", ноември 2017 година, стр.8.

Локалните младински совети треба да функционираат како советодавни работни тела на советите на општините, а целта на нивното формирање е младите преку своите претставници во советот да можат заедно со локалната власт да учествуваат во утврдување на потребите, проблемите и приоритетите на младите, но и во реализација на планови, мерки и политики кои ги носи локалната самоуправа.

Истражувањето покажува дека не е доволно само формално да се признае правото на учество преку организирање во локални младински совети. Потребно е да му се даде автономност во работата на младинскиот совет, со што младите би можеле да имаат улога во креирањето политики во локалната заедница, како резултат на нивната активност и застапување на ставовите на поголема група млади, без притоа да има влијание од локалните власти или некои други надворешни фактори.

За да може младите да извршат значително влијание врз носителите на одлуки потребно е тие да бидат политички свесни, организирани и на располагање да им бидат механизми со кои и формално ќе можат да учествуваат во процесите на одлучување. Иако Македонија предвидува одредени механизми со кои треба да се унапреди партиципативната демократија, сепак изостануваат механизми кои се скроени имајќи ги во предвид карактеристиките на младите, нивните потреби и начин на делување. За таа цел, ставање во функција на локалните младински совети како механизам за остварување на формално влијание во процесите на одлучување на локално ниво, е начин да се зголеми моќта на младите во нивните непосредни заедници.

За поголема вклученост на младите во креирањето на младински политики на локално ниво неопходно е да се мобилизираат младите луѓе, младинските организации и останатите форми на младинско здружување и да се работи на јакнење на на нивниот капацитет, и поттикнувањето на иницијатива кај млади кои не се запознаени со можностите кои нивната околина ги нуди за начините како активно да се вклучат во креирањето политики, со цел да можат самите да придонесат кон младински развој.

Вклученоста на младите во организации им овозможува да даваат конкретни насоки на институциите како системски да го унапредуваат статусот на младите. Преку младинската проактивност и организирано делување, се отвора можност институциите да го препознаат нивното постоење и работење, со цел да бидат вклучени во сите одлучувачки процеси кои ги засегаат младите и да успеат да се наметнат како приоритет.

Учеството на младите во младински организации на сите нивоа во општеството е од суштинско значење за успешна имплементација на политиката за млади која треба да потекнува токму од оние на кои се однесува.

**Младите луѓе треба да имаат водечка улога во борбата за своите права и слободи. Ние сме предводници на демократските промени!**

## ПРЕПОРАКИ

- Организирање средби и посета на млади претприемачи во рамките на општината со цел прибирање на идеи за развој на претприемништвото и помош на младите претприемачи;
- Младинските совети во секоја општина треба да организираат отворени денови на младинскиот совет каде членовите на советот ќе бидат достапни на граѓаните за предлози и сугестии кои младинските совети ќе ги презентираат пред општинската власт;
- Младинските совети во соработка со невладините организации преку програми и обуки да допринесат во едукација или доедукација на младите во најразлични

сфери од животот со цел подобра интеграција на младите во општеството и подигање на нивната свест;

- Кандидатите од партиските подмладоци во младински совети да бидат избирани според нивниот квалитет и капацитет. Односно, при отворен повик од младински совет за избирање на членови кои ќе бидат дел од него, да доставуваат CV и да се спроведат селективни интервјуа;
- Секој од младинските совети да организира јавни настани за да ја прикажува својата работа и да ги избира идните проекти со младите од соодветниот град во кој е формиран;
- Општините со своите назначени координатори да работат синхронизирано со членовите на младинските совети и да им помагаат во избирање на проекти кои општината би можела финансиски да ги помогне.

## КОНСУЛТИРАНИ И ПРЕПОРАЧАНИ ИЗВОРИ


1. Прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, Кажете го своето, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ноември 2015.


## ИНТЕРНЕТ-ИЗВОРИ:


1. Ревидирана Европска Повелба за учество на младите луѓе во локален и регионален живот, Повелба без статус на конвенција (http://ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/evropska-povelba-za-mladi.pdf);
2. Агенција за млади и спорт (www.ams.gov.mk/agencija/5-za-agencijata);
3. Национален младински совет( http://www.nms.org.mk/mk/shto-e-nmsm-2/);
4. Младински образовен форум (http://mof.mk/doc/MOF-Statut-noemvri-2014.pdf);
5. Коалиција СЕГА (http://www.sega.org.mk/web/);

# ПОЛИТИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ОДЛИВ НА МОЗОЦИ

Филип Ангеловски
Андријана Паскоска
Мартина Матеска
Владимир Петрушевски
Марко Спиркоски
Катерина Миноска

## Извршно резиме

Одливот на мозоци е генерално честа појава во Република Македонија која треба значително да се намали доколку сакаме да градиме квалитетно општество. За таа цел направивме анализа на постојаните документи и закони кои влијаат врз политиките за Одливот на мозоци, да ги пронајдеме слабостите на тие документи и да се влијае да се изменат одредени закони како би се намалило иселувањето на образованите кадри. Освен анализата на документите и на законите направивме анкета за испитување на мислење на студенти и луѓе со завршено високо образование на темата „Одлив на мозоци", која ни даде резултати кои генерално се застрашувачки. Направивме интервјуа со Директорот на АМС – Дарко Каевски и Министерот без ресор задолжен за дијаспора – Едмонд Адеми, како носители на јавни функции кај кои зборовите беа главно дека трендот на Одливот на мозоци ќе се намали и дека веќе се превземени одредени чекори кои треба да придонесат младите високообразовани кадри да се пронајдат во Македонија.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ НА ОДЛИВ НА МОЗОЦИ

Изразот „Brain Drain" односно „одлив на мозоци" за првпат е употребен во Велика Британија во периодот на повоена Европа (1950 - 1960), за да го означи феноменот на иселување на голем број инженери и научници во САД, бидејќи таму ги привлекле поповолни услови за работа и живот. Појавата на емигрирање (иселување) на голема група на лица со технички знаења, вештини и искуства исто така може да се нарече и описно „бегство на човечкиот капитал".[1]

Одливот на мозоци се смета за економски трошок на појдовната средина (земја), бидејќи иселениците со нив неповратно изнесуваат дел од вредноста на нивната обука спонзорирана локално од страна на државата каде што се стекнале со своето образование.

1 Brain drain - Definition and More", Free Merriam-Webster Dictionary, 2010, web: MW-b.

## 2. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОДЛИВОТ НА МОЗОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според податоците на Светска банка, од прогласувањето на независноста до 2010 година од Македонија се иселиле над 440 илјади луѓе.

Трендот последниве години повторно се засилува. Проценките се дека во последниве 5 години, најмалку по 20 илјади луѓе годишно ја напуштаат земјата. Според податоците на Светска банка објавени неодамна, невработеноста кај младите во Македонија изнесува 50,08%, додека најновиот извештај на Евростат покажува дека речиси 40% од младите немаат работа, ниту се вклучени во процес на образование. Ваквите состојби поттикнуваат голем дел од нив својата иднина да ја гледаат надвор од државата.

Во отсуство на официјални статистички податоци, бројот на иселени од Македонија е различен. Светска банка оперира со 600 илјади, Евростат пак со над 230 илјади млади луѓе кои заминале од 1998 година до сега. САД, Канада, Австралија, Западна Европа – дестинациите се различни, во зависност од можностите и приликите. Последниов период се чини најатрактивна е Германија, каде што само минатата година од 25 илјади млади македонски државјани кои таму заминале по подобро утре, дури половина останале на работа. Негативните последици од трендот на иселување се чувствува и во стопанството кое веќе кубури со стручен и квалификуван кадар. Состојбата е алармантна. Пазарот на труд е ултимативно критично прашање за развој на економијата.[2]

За потребите на истражувањето за Одливот на мозоци направивме анкета на определени целни групи и тоа на студенти, дипломирани, магистрирани и доктори на науки и интервјуа со креатори на политики со цел да добиеме одговори за состојбите во кои се наоѓа РМ како и за мерките и стратегиите кои ги превземаат и се планираат да се превземат за намалување на трендот на Одливот на мозоци.

Како еден од методи на истражување спроведена е електронска анкета на јавно мислење за процесот на иселување од Република Македонија на репрезентативен примерок од 120 испитаници. Анкетниот лист содржи 14 прашања и одговорите ги групиравме во групи со исти или слични одговори.

Опфатена е група на испитаници помеѓу 19 и 45 години од различни делови на Република Македонија.

55% од испитаниците се од женската, а 45% од машката популација.




55% од испитаниците се студенти, 33,3% се веќе дипломирани академски граѓани, а 11,7% се и магистри на науки.

2 "Македонија – земја на иселеници" 03.11.2016, www.dw.com/mk/македонија-земја-на иселеници/g-36243994




На прашањето „Дали сте задоволни од образовниот процес во Република Македонија?", 50% од испитаниците не се задоволни, 45,8% се делумно задоволни, додека само 4,2% одговориле дека се задоволни од образовниот процес.




На прашањето „Доколку имате потреба од доквалификација или продолжување на вашето образование", 59,2% истото би го продолжиле во странство, 18,3% во Република Македонија, а 22,5% не знаат каде би го продолжиле образованието.



На прашањето „Дали би сакале да имате пракса во текот на високото образование", 95,8% одговориле дека сакаат да имаат пракса, 3,3% одговориле со не, а 0,8 проценти одговориле со не знам.




На прашањето „Дали вие како млад образован кадар сметате дека доволно ќе бидете вреднувани и почитувани во Република Македонија?", 57,5% одговориле дека нема да бидат вреднувани и почитувани, 24,2% одговориле со можеби, 10% не знаат дали ќе бидат вреднувани и почитувани, а само 8,3% одговориле позитивно.




На прашањето „По завршување на образованието каде би сакале да го продолжите животот?", испитаниците се поделени со по 40% за во Република Македонија и во странство, додека 19,2% немаат размислувано за ова прашање.



На прашањето „Дали вие како млади луѓе имате влијание на процесот на Одлив на мозоци?" Најголем процент од 43,3% одговориле позитивно дека можат да влијаат, 23,3% дека тоа е одговорност на државата, 16,7% дека немаат влијание и 16,7% дека не знаат.




На прашањето „Според вас кој е најодговорен за спречување на процесот Одлив на мозоци?", најголем процент од 80,8% проблемот го лоцираат во државата, по 9% отпаѓа на младите и на испитаниците кои не знаат каде да го лоцираат проблемот, а само мал процент од 2,5% проблемот го лоцираат во родителите.




На прашањето „Според вас кои се причините кои ги разочаруваат младите во Република Македонија?", има наведено преку 100 описни одговори кои би ги класифицирале преку следниве објаснувања:

- невработеноста
- партиско вработување
- низок животен стандард, ниски плати, лоша економска состојба
- нелојална конкуренција на пазарот на трудот(кронизам и непотизам)
- недоволно вреднување на нивото на образованието и квалитетот на кадрите
- девалвација на професионализмот
- корупција
- ограничен пристап до посакуваните работни места и места за кои се квалификувани

На прашањето „Доколку имате можност за избор помеѓу работа во странство и работа тука, кои околности би ве задржале да останете во Република Македонија?" има наведено преку 100 описни одговори кои би ги класифицирале преку следниве објаснувања:

- семејството
- повисоки лични доходи
- работно место според квалификација
- вреднување на трудот и можност за напредок

„Преку 30% одговориле дека ништо не може да ги задржи во Република Македонија".

На прашањето „Поради кои причини би заминале во странство?" има наведено преку 100 описни одговори кои би ги класифицирале преку следниве објаснувања:

- подобар живот
- стабилни финансиски приходи
- нефункционирање на правна држава
- невработеност и лоша економска состојба
- подобар животен стандард и услови за живеење
- подобро организиран начин на живот
- вреднување на труд
- висок степен на корупција во Република Македонија

Македонија не успева да ги задржи најдобрите. Одливот на стручни лица и способни кадри во своите области продолжува. Македонија во последните две децении се соочува со голем одлив на интелектуалци, научници и експерти. Овој тренд продолжува и во последните години и се поголем број на млади одлучуваат да си ја пробаат среќата во странство.

Прашањето е, дали овој тренд на иселување некогаш ќе запре?

За таа цел, направивме неколку интервјуа со носители на јавни фунцкии и тоа Дарко Каевски, Директор на Агенција за млади и спорт и Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за Дијаспора.

На прашањето, кои се главните фактори за одливот на мозоци, односно брејн дрејн во Република Македонија, директорот на АМС Дарко Каевски истакна дека главниот фактор е недостатокот на слободни работни места во Република Македонија, како и ниските плати кои носат низок животен стандард.

„600000 луѓе се иселени од Македонија, меѓу кои најмногу млади лица. Во однос на младите кои останале во Република Македонија, според Светска Банка 53% од нив се невработени. Со цел запирање на трендот на иселување на образовани, млади кадри од нашата Татковина, АМС ќе даде сè од себе за да придонесе кон подобрување на условите за младите така што веќе е отпочнат процес на креирање мерки и проекти за субвенционирање на млади лица до 29 годишна возраст", истакна директорот Каевски.

На интервјуто, беше поставено и прашањето за досегашното функционирање на Агенцијата за млади и спорт. Директорот Каевски ни посочи дека АМС во досегашното функционирање била многу малку за спорт, уште помалку за градежни активности, а најмалку за младите во Република Македонија.

„До крајот на 2017 година немавме никакви можности за креирање на нови мерки и проекти со оглед на Буџетот кој ни стоеше на располагање. Но од 2018 имаме 9 пати поголем Буџет од претходниот, така што сега имаме полни раце работа" - додаде Каевски.

На интервјуто, од страна на Директорот Каевски, особено беше истакнато одржувањето на владината седница, тематски посветена на младинските политики: Активно учество на младите, напредок и развој на младите во сите сфери на општествениот живот.

„На седницата, Владата ја усвои информацијата за имплементацијата на младински политики од областа на пазарот на трудот со воведување на мерката Гаранција за млади (ГМ), која се однесува на решавањето на проблемот со невработеноста со кој се соочуваат младите во Република Македонија. Гаранцијата за млади е дел од Европските носечки иницијативи и има за цел да им обезбеди на младите лица (15-29 години) во период од 4 месеци од денот на евиденција во АВРМ, квалитетна понуда за вработување, континуирано образование и обука или практиканство. Планот за спроведување на ГМ во Република Македонија е осмислено да се одвива во две фази: пилот фазата во 2018 година во неколку општини и втора фаза до 2022 година, кога програмата ќе се имплементира на територија на цела Република Македонија.

Втор проект кој се планира за младите е воведување на Младински библиотеки кои ќе претставуваат регистар на слободни работни места како и места за остварување на младинска пракса која за прв пат ќе биде признаена во Република Македонија. Овој проект ќе започне како Пилот проект во 2018 година во 4 општини во Република Македонија - Кавадарци, Карпош, Тетово и Куманово, а негова примена на цела територија на Република Македонија ќе почне во 2019 година.

Третиот проект се однесува на воведување на Младинска платежна картица од страна на Министерството за образование и наука, која ќе значи воведување бенефиции за младите во Република Македонија. Со приложување на оваа картица, ќе се даваат младински попусти во кафулиња, кино сали, спортски натпревари итн. Министерството за образование и наука исто така особено ќе стави акцент на ученичкиот и студентскиот живот, така што за првпат се обезбедуваат 80 милиони денари за подобрување на условите во ученичките домови, од кои 30 милиони денари за реконструкција и 50 милиони денари за опремување. За студентскиот стандард се планирани 660 милиони денари, што претставува зголемување на минатогодишниот буџет за повеќе од 50 милиони денари. За капитални инвестиции во образованието предвидени се 2.140.024.000 денари, од кои за изградба и реконструкција на основни и средни училишта се издвоени 282.600.000 денари“ - потврди Каевски.

На крај, Каевски категорично нагласи дека заврши времето на погубни политики за младите.

„До крајот на 2018 година, ќе биде донесен Закон за млади кој што сè уште е во процес на изготвување. Младите конечно ќе бидат вградени во системот, ќе учествуваат во креирање на младинските политики како и во нивната имплементација.“

Министерот без ресор задолжен за Дијаспора, Едмонд Адеми, како фактори за иселување ги наведе нискиот животен стандард, економските и образовните фактори.

„Миграциите секогаш постоеле. Постојат и во богатите земји. Но, кај нас се работи за причини кои воопшто условуваат постоење на основни услови за живот. Затоа имаме широка лепеза на такви фактори: економски, образовни, политички.“

Во однос на стратегиите за спречување на одливот на мозоци, министерот Едмонд Адеми како најклучни ги посочи оперативниот план за мерки за вработување на лица до 29 години, усвоен на 56тата седница на Влада на Република Македонија, Законот за финансиска поддршка на инвестиции како и Националната стратегија за соработка со дијаспора која ќе биде достапна во мај 2018 година.

„Најважно е да се создаде можност за вработување, односно отворање на нови работни места, повисоки плати, како и мерки кои би значеле стимул за отворање на старт na бизниси за млади лица. За таа цел од особена важност е Оперативниот план за мерки за вработување на лица до 29 години, Законот за финансиска поддршка на инвестиции како и Националната стратегија за соработка со дијаспора.“

- **Оперативен план за мерки за вработување на лица до 29 години**

Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места , поддршка за креирње на нови работни места и зглемување на вработливоста на невработените лица.

Сите невработени лица и работодавачи имаат пристап до програмите односно мерките и услугите за вработување. Правото за учество се определува врз основа на условите и критеримумите дефинирани за секоја пооделна програма односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите како и учество на младите лица до 29 години од најмалку 30%. [3]

- **Закон за финансика поддршка на инвестиции**

Законот за финансиска поддршка на инвестици има за цл да постави правна основа за формализирање на поддршката и имплементација на мерките од Планот за економски раст.

Законот за финансиска поддршка на инвестиции исто така овозможува директна финансиска поддршка на домашните и странските инвестиции како и бројни даночни ослободувања, кои се од исклучителна важност за нивно доаѓање како и вложување во Република Македонија. Законот ќе придонесе за подобрување на севкупните економски односи, ќе го поттикне економскиот раст на економијата, а со та ќе се придонесе за зголемен вкупен економски раст и развој во Република Македонија.[4]

На прашањето дали новата власт е способна да ги преземе и исполни сите овие чекори, министерот Едмонд Адеми категорично ни одговори:

„Со доаѓањето на новата власт во Република Македонија во јуни 2017 година, Владата во рок од 9 месеци успеа да склучи договори со 10 странски инвеститори. Во тек се преговори со уште 200 други, а од 22 се чека конечниот одговор. Тоа е од особена важност бидејќи со инвестициите автоматски се отвораат нови работни места, се зголемуваат платите, а со тоа се зголемува и животниот стандард."

Во однос на прашањето каде згреши претходната власт што придонесе кон емигрирање во енормни размери, министерот Едмонд Адеми ни одговори:

„Сè беше сведено на партија. Партиска книшка, партиска контрола, партиска дисциплина. Луѓето можеа да се вработат само партиски. Можеа да се вклучат во приватниот сектор - партиски. Можеа да завршат приватни потреби - партиски. Доколку некој покажеше непослушност, репресивната моќ широко се применуваше и злоупотребуваше над нивните семејства. Тоа придонесе кон незадоволство кое главно се манифестираше низ иселување."

## 3. ЗАКЛУЧОК

Македонија не успева да ги задржи најдобрите. Одливот на стручни лица и способни кадри во своите области продолжува.

Македонија во последните две децени се соочува со голем одлив на интелектуалци, научници и експерти. Овој тренд продолжува и во последните години и сè поголем број млади одлучуваат да си ја пробаат среќата во странство. Истражувањето на Економскиот институт во Скопје покажало дека најголем дел од нив заминуваат на магистерски или докторски студии и остануваат во тие земји. Најпосакувана дестинација се САД, а најголем дел од емигрантите се од техничко – технолошките науки и медицината. Како главна

3 РЕВИДИРАН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година

4 П Р Е Д Л О Г - З А К О Н за финансиска поддршка на инвестиции, Скопје, март 2018 година

причина за нивното напуштање на земјата се лоцира неможноста да се најде соодветно вработување.

„Во последната деценија бројот на невработени со универзитетско образование забележа голем раст. Тој во периодот 1999-2010 година се зголеми за три пати, а стапката на невработени од околу 14% се зголеми на 22%. Овие промени се особено нагласени во последните години, со приливот на нови генерации дипломирани студенти. Тоа го потврдува и растечкото учество на младите до 29 години во вкупно невработени со универзитетско образование, кое во 2009 и 2010 година изнесува повеќе од 60%.", истакна Верица Јаневска од Економскиот институт.[5]

„Следуваат декади на засилен лов на научници и експерти, а Македонија не смее да дозволи да заминуваат најдобрите!", истакна директорот на Економскиот институт, Биљана Ангелова. Според неа, целиот овој период државата има пасивен однос кон проблемот со интелектуалната емиграција, а домашните умови немаат шанса за просперитет.

„Лесно е да се декларираме дека сакаме да имаме повеќе млади во науката, но за таа цел потребни се поголеми инвестиции, јакнење на универзитетите и подобрување на општите услови за живот, така што талентите да имаат доволно причини да не заминуваат од земјата.", изјави Ангелова.

Според податоците на домашни и меѓународни институции, во потрага по подобар живот, земјава, во последните 20 години ја напуштиле околу 200.000 лица. [6]

## ПРЕПОРАКИ

Од спроведеното емпириско истражување во вид на анкети и интервјуа извлековме заклучоци за фактичката состојба во врска со процесот на Одливот на мозоци и ги согледавме тековните понудени решенија од креаторите на политиките и ги предлагаме сет на препораки.

Треба да се направи измена во законите поврзани со образованието. Ние мислиме дека треба да се воведе поголем практичен дел во средните стручни училишта. Во високо образовните институции треба да се направат измени во кои ќе треба да се воведе некој критериум за селекција при запишување на нови студенти (приемен испит). Овие мерки би покажале резултат на подолг период.

Треба да се изработат програми кои ке ги подобрат условите за отпочнување на сопствен бизнис кај што образованите кадри ќе можат да ги остварат своите иновативни или бизнис идеи. Со вакви програми ке се намали невработеноста на образованите кадри.

Најдобрите студенти по медицина МОРА да бидат превземени во државните болници веднаш по завршување на своето образование. Исто така најдобрите студенти да бидат испратени на специјализација со услов да се вратат и да бидат корисни по македонското општество.

МОРА да престанат партиските вработувања во државните институции и нивната пренатрупаност, за да можат младите кадри да ја гледаат иднината во Република Македонија.

5 ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НАУКАТА ВО ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ - СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ, Скопје, 2013

6 Одлив на мозоци, 29.05.2012, http://pressclipping.com.mk/odliv-na-mozoci/

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Brain drain - Definition and More", Free Merriam-Webster Dictionary, 2010, web: MW-b
2. "Македонија – земја на иселеници" 03.11.2016, www.dw.com/mk/македонија-земја-на-иселеници/g-36243994
3. РЕВИДИРАН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година
4. П Р Е Д Л О Г - З А К О Н за финансиска поддршка на инвестиции, Скопје, март 2018 година
5. ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НАУКАТА ВО ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ - СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ, Скопје, 2013
6. Одлив на мозоци, 29.05.2012, http://pressclipping.com.mk/odliv-na-mozoci/

# АНАЛИЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ 3-6-9

Милена Петроски
Сара Ибраимоска
Марија Каевска
Дејан Трајковски
Христина Панева
Влатко Митовски

### Кратка содржина

Во овој труд е следена и анализирана имплементацијата на акцискиот план за работа на Владата на Република Македонија насловен: „План 369 – Итни Реформски Приоритети – евроатлански интеграции во три фази“ во периодот од декември, 2017 до јуни, 2018 година. При анализата се користени првостепени и второстепени извори на податоци, односно интервјуа со личности директно вклучени (имплементатори) во целиот процес, како и второстепени извори на податоци – сродни анализи на невладини организации и државни органи. Направена е споредба за сите единаесет области кои се опфатени во овој план и се обработени два случаи, она што е предвидено на почетокот како клучни мерки и она што е имплементирано со завршувањето на последната фаза од овој деветмесечен план.

***Клучни зборови:*** *реформи, имплементација, евроатлански интеграции*

## 1. ВОВЕД

Европскиот Совет во декември, 2005 година на Република Македонија и додели статус на земја-кандидат. Оттогаш изминаа 12 години, земјата сеуште не стана членка на Европската Унија и покрај сите напори, а во последните неколку години состојбата со демократијата и останатите општествени области уште повеќе се влоши. Во резимето на Извештајот на Европската Комисија за 2015 година стои „ ...сериозните предизвици за коишто се известуваше претходните години беа потенцирани со најдлабоката политичка криза од 2001 година со следените комуникации, во што очигледно биле инволвирани високи владини функционери, кои сугерираат прекршување на фундаменталните права, мешање во независноста на судството, слободата на медиумите и изборите, како и политизација и корупција. Загриженоста за сите овие прашања беше изнесена во претходните

Извештаи за напредок. Прекинот на политичкиот дијалог и потешкотиите за постигнување консензус за одредени прашања уште еднаш ја истакнаа политичката култура на поделби во земјата."[1] Во останатите извештаи од претходните години, како и во извештајот од 2016 година, се изразува загриженост дека Република Македонија се наоѓа во длабока и сериозна политичка криза, а со самото тоа се оддалечува од патот кон Европската Унија и фундаменталните вредности кои ги застапува Унијата. Во разговорот со Стево Пендаровски[2], тој посочува дека од 2012/2013 се додаваат и другите критериуми заради режимот кој што владееше и политиката што ја водеше, а тука се и бомбите на Зоран Заев кои предизвикаа дополнителни барања од страна на ЕУ, Прибе, Одихр и Обсе. Во 2016, ние имаме една формулација на самитот во Полска на НАТО каде во завршното коминике не се повторува фразата од 2008 уште one outstanding issue[3], односно проблемот со името, туку вели дека освен тоа Македонија е во длабока политичка криза и поради тоа се оддалечи од основните вредности,а со тоа се товариме со уште повеќе барања.

Парламентарните избори во Република Македонија во декември, 2016 година и тензичниот период проследен со протести, влегување во Собранието на толпа граѓани, нападите врз пратениците и целата политичка криза до конечното формирање на Владата во јуни, 2017 година, уште повеќе ја истакнаа потребата за реформи во општествената и политичката сфера во Република Македонија. Веднаш по самото формирање на Владата, Премиерот Зоран Заев го истакна Планот 369 – Итни Реформски Приоритети – евроатлански интеграции во три фази. Во официјалниот извештај на Владата за Планот 369 се објаснува со кого во соработка и од каде произлегува овој план,„ Правецот на реформите кои ги предлага Владата на Република Македонија, поместени во„Планот 3-6-9", произлегуваат од Програмата за работа на Владата 2017-2020, а го зема во предвид Политичкиот договор од Пржино и ги следи препораките од средбите на високо ниво со претставниците на институциите на ЕУ, насоките од Европската комисија во Итните реформски приоритети (2015), Препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015), како и низата препораки до Владата од изминатите неколку години од телата на Советот на Европа (Венецијанската комисија, ГРЕКО), препораките на ОБСЕ/ОДИХР, наодите и препораките од годишните Извештаи на Европската комисија, вклучително и од Пристапниот дијалог на високо ниво, заклучоците од министерскиот дијалог за Програмата за економски реформи, заклучоците од редовните состаноци на телата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, документот подготвен од група граѓански организации насловен како „Предлог за Итни демократски реформи" (Блупринт) и резултатите од консултациите со граѓанското општество."[4]

Трудот е составен од 11 поглавја, колку што предвидува и самиот план за реформи. Опфатени се 11 области во кои се спроведени реформите. Секое поглавје е поделено на два дела, односно дел за претходните состојби и предвидените реформи и дел каде што се анализираат веќе спроведените реформи.

## 2. РЕФОРМА НА ПРАВОСУДСТВОТО

Правосудството во Република Македонија претставува една од клучните области во кои треба да се спроведат темелни и суштински реформи и во изминатите години е предмет на критика од страна на домашните и странските експерти, за неговата партизираност, неефективност и долготрајните и спори административни процеси. Како последица

1 Извештај на Европската Комисија за Р.М. за 2015 година, Брисел, 10.11.2015

2 Интервју со Стево Пендаровски, Национален координатор на Р.М. за членство во НАТО, Скопје, 10.04.2018

3 Се однесува на долгогодишниот спор на Република Македонија и Република Грција во однос на името.

4 Официјално соопшение на Влада на РМ за Планот за итни реформски приоритети, Скопје, јуни 2017

на неефективноста на обвинителството и судовите, беше формирано и Специјалното јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, бидејќи Основното јавно обвинителство беше под сомнение дека не е во состојба да се справи со тежината на оваа афера, поради неговата партизираност.

Во разговорот со Љубомир Фрчковски[5], тој истакнува дека е потребна комплетна реформа во целиот правосуден систем, а тоа се однесува и на самата организираност на судовите со оглед на тоа дека Република Македонија има тристепен правосуден систем (Основни, апелациони судови и Врховен суд). Тој посочува дека првата промена треба да започне од таму, да се укинат некои од судовите и да се воспостави поефективна мрежа на правосудството, а потоа да се прават измени во законите.

## 2.1 Предвидени клучни мерки

Во делот за предвидени активности на Владата во однос на реформите во правосудството во наративниот извештај стои „Во делот на реформата на правосудството, Владата ги прифати забелешките и препораките на Европската комисија,Венецијанската комисија и ГРЕКО, како и препораките на Високата експертска група за владеење на правото. Владата работи интензивно и посветено на градење независно, непристрасно, професионално и ефикасно правосудство…Во делот на реформата на затворскиот систем, Владата ги прифати забелешките и препораките на Комитетот за превенција на тортура на Советот на Европа и презема мерки за подобрување на условите и капацитетите на казнено поправните установи, имплементација на алтернативните санкции, како и подобрување на здравствената заштита и безбедноста.“[6] Според ова, предвидни се да се исполнат десет клучни мерки.

## 2.2. Исполнети клучни мерки

Во однос на првата мерка, односно Усвојување на Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 со Акциски план, напредок е постигнат со тоа што е формирана Работна група за Ревидирање на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со акциски план и Совет за реформа на Правосудниот сектор. По дадените предлози и одржаните дебати, Стратегијата беше усвоена од страна на Владата на 28.11.2017. Според СЕП, „На 06.03.2018г. формиран е Советот за следење на имплементација на стратегијата во правосудството за период 2017 – 2022, со кој ќе претседава Премиерот. Во Советот членуваат министерот за правда, заменик министерот за правда, Јавниот обвинител, Специјалната јавна обвинителка, Народниот правобранител, претседателот на Здружението на судии, претставник од Врховниот суд и ред други еминентни стручни кадри од областа на правосудството.

Во однос на втората мерка, Донесување на Закон за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на РМ, според СЕП, "беше формирана Работна група за изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на РМ и изготвување на Закон за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија". (Април 2018)

5 Интервју со Љубомир Фрчковски, професор на правниот факултет, Јустинијан Први и надворешен член на Советот за Реформи во правосудството, произлезен од Планот 369, април, 2018

6 Наративен план на 3-6-9+ на Влада на Република Македонија, јуни, 2017

Со третата мерка, Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Предлог - Закон за изменување на Закон за Судскиот совет, се формираа работни групи и беа изготвени Предлог-Закони.

Четвртата мерка, Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, се надгради од страна на Работните Групи кои ги формираше Министерот за Правда и се испрати до Венецијанската Комисија на мислење (по доставеното мислење, изготвен е предлог амандман), а подоцна и се усвои од страна на Владата на Република Македонија. Целта на предложениот закон е целосно да го уреди прашањето за заштита на сведоците во постапките за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.[7] Законот беше донесен од Собранието на 12.04.2018 г.

Со мерката Зајакнување на кадровските капацитети на Народниот правобранител, по согласност од страна на Собранието и Министерството за финансии, се овозможи вработување на 10 квалификувани лица.

За мерката, Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Закон за заштита на укажувачи, беше формирана Работна група со цел изготвување на Предлог-Закон според препораките на Венецијанската Комисија и со помош на Експерт од Советот на Европа. По позитивното мислење од страна на Советот на Европа, се одржа јавна расправа, Владата на Република Македонија го усвои Предлог- Законот, а Собранието го изгласа.

Предлог- Законот за бесплатна правна помош беше изготвен во рамки на ИПА 2011 Твининг проект "Зајакнување на владеењето на правото". Тој беше усвоен од Владата, меѓутоа преку јавна расправа се заклучи дека 53% од текстот на Предлог-Законот има потреба од менување и поради истите причини беше повлечен од страна на Собранието.

Во соработка со експерти од ИПА 2011 проектот „Зајакнување на владеењето на правото", беше подготвена Стратегија за Информатичка технологија во правосудниот сектор 2018-2023. Министерството за правда формираше работна група со претставници од Министерство за правда, Врховен суд, Судски Совет, Виш управен суд, Управен суд,, Апелационен суд, Основен суд, Јавно обвинителство Академија за судии и јавни обвинители, Нотарска комора; Комора на извршители; Адвокатска комора и Комора на медијатори, која одржа 8 состаноци.[8] Стратегијата беше усвоена од Владата на Република Македонија.

Назначен е в.д. раководител на пробациската служба и се предвиде Секторот за пробација да се екипира со 16 извршители-пробациски службеници (9 на централно ниво и 7 во локалната канцеларија за ОС Скопје 1). Започна со работа и пробациската канцеларија во Основниот суд Скопје 1.

Со мерките на Планот 3-6-9 се овозможи пренесување на надлежноста за здравствена заштита на затворениците од Министерството за правда во Министерството за здравство.

Последна од мерките кои што беа исполнети беа пренесени преку посебен извештај од спроведената проверка за функционирањето на АКМИС системот со утврдени констатации за евентуални злоупотреби со препораки. Беше формирана Работна Група за увид на функционалноста на АКМИС системот и оваа група беше составена од 8 членови. Увидот беше во неколку делови. Првиот дел за функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Судскиот Деловник во судовите, заврши. Проверката ќе биде завршена и во останатите судови, и потоа ќе се пристапи кон подготовка на препораки за надминување на слабостите и ревизија на истиот.

7 Фактографски извештај за имплементацијата на Планот 3-6-9. СЕП

8 Фактографски извештај за имплементацијата на Планот 3-6-9. СЕП

## 3. РЕФОРМА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ

Со оглед на аферата со прислушкувањето на голем број функционери и граѓани на Република Македонија, извршена од страна на безбедносните и разузнавачките служби, поточно познатата петта управа, од каде се вршеле овие дејствија, очигледно е дека беа потребни клучни и суштински реформи и во оваа област, како една од поделикатните и проблематични области од овој реформски план. "...Во делот на реформа на полицијата, започнат е процесот за воспоставување на независен надворешен механизам за контрола на работењето на полицијата кој треба да обезбеди непристрасност во постапувањето во случаите кога постои сомнеж дека се сторени кривични дела од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи.„[9]

### 3.1. Предвидени клучни мерки

Под клучни мерки кои Владата сметаше дека треба да бидат имплементирани во областа на безбедносните и разузнавачките служби во Наративниот План спаѓаат следните шест: Усвојување на План за имплементација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од областа на владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015/2017), Усвојување од Владата на пакетот закони неопходни за реформа на системот за следењето на комуникациите како и воспоставување на надворешниот механизам, Усвојување на Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот со Акциски План, Усвојување на Националната стратегијата на Република Македонија за спречување на насилниот екстремизам со Акциски План, Формирање на посебно одделение во рамките на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое ќе биде надлежно за кривично гонење на кривични дела извршени од страна на вработените во МВР со полициски овластувања како и од припадниците на затворската полиција, Формирање на посебна организациона единица кај Народниот правобранител на Република Македонија како механизам за граѓанска контрола.

### 3.2. Исполнети клучни мерки

Во однос на првата мерка за имплементирање на препораките од групата на високи експерти за системски прашања, Владата со одлука формираше работна група сочинета од претставници на сите инволвирани институции, научната и стручната јавност, како и претставници од двете собраниски комисии за надзор над работата на УБК и АР и надзор над примената на Посебните истражни мерки за следење на комуникации. Оваа работна група го подготви Планот за реализација на препораките од експертите од Европската Комисија предводени од Р.Прибе и истиот е усвоен на владина седница на 27.11.2017г.

Втората мерка како пообемна, опфаќа два дела односно Усвојување од Владата на на пакетот закони неопходни за реформа на системот за следење на комуникации и вториот дел како Усвојување од Владата на пакетот закони неопходни за воспоставување на надворешниот механизам. Под првиот дел од мерката се исполнети и донесени од Собранието следните закони: Закон за следење на комуникациите, Закон за Оперативно техничката агенција (ОТА), Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка и Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани податоци.

Во однос на вториот дел од оваа мерка за воспоставување на надворешен механизам, Предлогот за модел беше усвоен од Владата на 12.09.2017г. Од подготвените законски измени две се сеуште во собраниска процедура (2/3 мнозинство), додека останатите

9 Ибид. стр. 3

пет измени се донесени од Собранието.Сите предлог закони беа усвоени од страна на Владата на 26.12.2017г.

Усвоени се Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот со Акциски План и Националната стратегија на Република Македонија за спречување на насилниот екстремизам со Акциски План на седница на Влада на 06.03.2018г. Превземени се акивности и евидентирани се состаноците на Националниот комитет за борба против тероризмот.

## 4. СОБРАНИЕ

Делот од Планот 3-6-9 кој се осврнува на работата на Собранието, опфаќа области како контрола од страна на Собранието врз работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби, како и обновување на демократската атмосфера, отворена и искрена соработка помеѓу власта и опозицијата и висок степен на транспарентност, воден од Препораките по немилите настани во 2012, како и насилните настани на 27.04.2017г.

### 4.1. Предвидени клучни мерки

Под мерки од суштинска важност за работата на Собранието, Планот 3-6-9 ги опфаќа следните: Надзор на Комисијата за надзор на УБК и Агенцијата за разузнавање, зајакнување на капацитетите на членовите на таа Комисија, зајакнување на самостојните капацитети на Собранието и други мерки вклучени во Наративниот План.

### 4.2. Исполнети клучни мерки

Бидејќи работата на Собранието е постојана и континуирана, превземени се мерки за воспоставување и обновување на процеси од суштинска важност за нејзиниот тек, односно:

- По предлог на Владата кон Собранието, поради отчетноста покрај редовните се воведени и тематски пратенички прашања, еднаш неделно, во времетраење од еден час
- Се зајакнува улогата и учеството на преставниците од граѓанското општество во работата на работните тела на Собранието
- Зголемена е улогата на опозицијата во работата на Собранието преку овозможување на мнозинство и претседавање во значителен број на собраниски комисии
- Вратена е суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, преку редовни состаноци во кои задолжително учествува УБК и Агенцијата за разузнавање
- Вратена е суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, со редовни состаноци на кои присуствуваат надлежните институции
- Реактивиран е Клубот на пратенички и Постојаната анкетна комисија за човекови права
- Редовна и суштинската надзорна работа на Комисијата за надзор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска

полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе учествуваат надлежните институции

- Зајакнување на капацитетите на членовите на Комисијата за надзор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку активна соработка со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ).
- Продолжување на работата на работната група за реформи на Собранието, со цел постигнување прифатлив политички договор за измени во Деловникот, и зајакнување на самостојните капацитети на Собранието
- Активна соработка со ЕУ експертите во Собранието и нивна вклученост во работната група за реформи на Собранието
- Носење на Етички кодекс за пратениците, согласно препораките на Извештајот од 24/12/2012г. и ГРЕКО (се чека на политички консензус)
- Активна поддршка на Собранието преку обезбедување услови за функционирање и демонстрирање политичка поддршка за работата на мулти-партиските интересни групи на пратеници како Клубот на пратенички и Клубот на млади пратеници
- Проактивно учество на пратеничките групи во меѓународни иницијативи, и иницирање самостојни Собраниски иницијативи за подобрување на довербата и унапредување на дијалогот помеѓу мнозинството и опозицијата

## 5. ИМЕНУВАЊА

Во однос на областа Именувања, во Наративниот план, Владата се обврзува во целост да ги почитува законските процедури и критериуми при именувањето на лица на раководни позиции, како и членови на управни и надзорни одбори и исто така, се обврза да обезбеди непречено функционирање на институциите и дипломатската мрежа.

### 5.1. Предвидени клучни мерки

Во оваа област предвидени се следните клучни мерки за исполнување во деветмесечниот период: Именување на лица на раководни позиции преку транспарентна и конкурентна постапка во согласност со правната рамка, Именување на нови компетентни членови на управните и надзорните одбори во согласност со правната рамка и продолжување на консултациите со Претседателот на РМ за пополнување на испразнетите места во дипломатско-конзуларните претставништва.

### 5.2. Исполнети клучни мерки

Според Секретаријатот за Европски Прашања, до завршувањето на рокот за исполнување на реформите од овој План, досега се извршени следните активности следејќи го Наративниот план:

- Консултации со Претседателот на РМ за пополнување на испразнетите дипломатско конзуларни претставништва (завршена формална процедура за агрегација на прва група на 8 амбасадори-шефови на ДКП, 7 акредитирани, 8-миот во тек)
- Избор на јавен обвинител (Јавниот обвинител е избран на 25.12.2017г.)

- Избор на членови на Уставен Суд (избрани се 3 судии на Уставен суд на Република Македонија, од кои 2 на 11.01.2018г. на предлог на Претседателот и еден судија на 05.03.2018г на предлог на Собранието.)
- Избор на членови на Советот за јавни обвинители (Од страна на претседателот на Собранието на РМ беа распишани два огласи за избор на два члена на Советот на јавни обвинители и тоа првиот на 07.06.2017(избран 1 - февруари) а вториот на 18.08.2017 год (избрани 2 нови - март)).
- Избор на судии за испразнетите места (избрани судии и претседатели на судови).

## 6. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

Стручна, ефикасна, транспарентна и отчетна администрација е еден од главните приоритети на Владата кои се предвидени во Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2020 година. Креирање политики и координација, јавна служба и управување со човечки ресурси, отчетност и транспарентност, јавни услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, се клучните точки кои во себе ги содржи Стратегијата. Една од мерките во стратегијата којашто ќе стапи на сила во 2019 година е измена на законот за административни службеници и измена на законот за вработени во јавниот сектор. „Никогаш во малите урбани средини не може да ги имаме сите институции да ги нудат услугите кон граѓаните, но затоа можеме услугите да им ги донесеме блиску до граѓаните со тоа што ќе ги понудиме по електронски пат“, изјави министерот Манчевски.

### 6.1. Предвидени клучни мерки

„Реформата на јавната администрација (РЈА) е еден од клучните приоритети на оваа Влада, како на краток така и на среден и долг рок...Неможноста државата и институциите брзо да се справат со политичката криза, доведе до состојба во која Република Македонија беше наречена “заробена држава” на заробени институции.“[10]

Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 ги утврдува мерките кои ќе бидат преземени во наредните пет години за остварување општите и посебните цели дефинирани во секоја од приоритетните области.  Клучни мерки кои Владата ги предвиде во реформата на јавната администрација се содржани во Наративниот План на Владата.

### 6.2. Исполнети клучни мерки

Со Одлуката на Владата, како прва мерка, согласно Законот за класифицирани информации и согласно препораките на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, покрената е постапка според која стануваат јавни сите информации и договори за доделување на државна помош со странските инвеститори.

Владата ја имплементираше и втората мерка, укинување на одлуката за утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација, од  имателите на информации. На 19.09.2017 година на 28-ма седница на Влада е донесена одлуката. На 24 август 2017 година беше испратено Циркуларно писмо за ажурирање на податоци, со цел одговорните и службените лица евидентирани во Регистарот на иматели на информации од јавен карактер, објавени на веб локацијата на Комисијата, да бидат потсетени на обврската која произлегува од членовите 8 и 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Започнувајќи од 17.08.2017 година, Владата ги објавува дневните

10 Европска Комисија: Извештај за Република Македонија за 2016 година

редови за седниците на Владата официјалната веб страна во секцијата секција „Седници на Влада“ http://vlada.mk/vladini-sednici.

Владата на РМ заедно со министерството за информатичко општество и администрација донесоа стратегија за реформа на јавна администрација 2018г.-2022 со Акциски план. Ова е петтата точка од предвидените мерки кои до сега се реализирани.

Во текот на месец октомври 2017г., координаторите на работните подгрупи работеа заедно со експерти од СИГМА на ревидирање на Акцискиот план и трошоците за Стратегијата, кои исто така беа разгледувани на средби со членовите на работните подгрупи. Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, со Акциски план е усвоена од Влада на 20.02.2018.

Покрај формирањето на работните групи, беше формиран и Совет за реформи во јавната администрација претседаван од ПВРМ,кој воедно е и задолжен за координација на процесот на РЈА.

Продолжување на процесот на ажурирање на Регистарот на вработени во јавниот сектор со цел да се објави вкупната бројка на вработени по сектори е шестата мерка. На 13 август 2017, министерот Манчевски на прес конференција за медиуми изјави: „Проверката ни покажа дека се соочуваме со поголем проблем од тоа што го очекувавме. Неактивни систематизации, невнесени договори за вработување, недостаток и неажурирани податоци за вработените во јавната администрација, итн...Податоците доставени до ДИК се однесуваат на 115.729 вработени во јавниот сектор. Оваа бројка не е официјална и не ја претставува реалната слика“, истакна тогаш Манчевски.[11]

За да се обезбеди целосно пополнување на податоците во ИСУЧР системот, со што би се добила точната бројка на вработени во јавниот сектор, на 34 седница на Собранието на одржана на 21.02.2018 беа донесени измени и дополнувања на четири закони.

Последна предвидена и реализирана мерка од планот за реформи на јавната администрација е Започнување на сеопфатен дијалог за нацрт Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021. На 19.12.2017г. Владата ја усвои Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година.

## 7. БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Земајќи ги во предвид препораките на домашните и странските експерти, Владата смета дека борбата против организираниот криминал ќе биде ефективна доколку истрагите се водат на законит начин и се зајакнат механизмите за борба против корупцијата и организираниот криминал.

### 7.1. Предвидени клучни мерки

Следните четири мерки од Владата, би требало да го потпомогнат процесот на борба против организираниот криминал и корупцијата: Воспоставување на минимум стандарди за физичка, административна, информатичка и техничка заштита во Одделот за сузбивање на организиран криминал и корупција во рамките на Министерството за внатрешни работи, Усвојување на Стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски План за нејзино спроведување и имплементација на препораките на ГРЕКО од IV круг на евалуација кои до сега не се имплементирани.

11 МИОА ги чешла институциите, бројката од 115.729 вработени не е реална. Макфакс.
https://makfax.com.mk/daily-news/миоа-ги-чешла-институциите-бројката-о/ . 2017

### 7.2. Исполнети клучни мерки

Во согласност со предвидените четири мерка, Владата во периодот од овие девет месеци, презела седум суштински процеси за исполнување на овие мерки:

- Владата ја повика Државната комисија за спречување на корупција да подготви детален аналитички Извештај за сите покренати постапки и истраги за корупција, за последните 5 години, врз основа на форматот на ЕК (5 членови на ДКСК поднесоа оставки како резултат на јавната информација за неправилно користење на буџетски средства).
- Воспоставени се дополнувања и подигнување на минимум стандардите за физичка, административна, информатичка и техничка заштита во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК)
- Извршено е материјално-техничко надградување на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал
- Усвоена е Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување, усвоена на 27.02.2018
- Потпишан е меморандум за размена на информации за потребите на истрагите помеѓу МВР, Јавното обвинителство и Основен Суд
- Имплементација на препораките на ГРЕКО од IV круг на евалуација кои до сега не се имплементирани.

## 8. МЕДИУМИ

Слободните медиуми и правото на правото на слободно изразување, слободен пристап до информации се столбот на едно демократско општество, а слободните и независни медиуми се една од најдобрите заштити што една држава може да ги има против прекумерната контрола на власта и поради тоа Владата по самото доаѓање на власт започна консултативен процес преку формирање работни групи со медиумската заедница и граѓанските организации. Во разговор со Дејан Георгиевски од Центарот за развој на медиуми, тој посочи дека процесот на донесување на законите во Собрание е закочен процес на тактизирања. „Евидентно е дека носењето на ново медиумско законодавство се оддолжува затоа што е предмет на политичка игра и договарање во обид да се обезбедат предвидените мнозинства и што поширока поддршка. Одлуката за укинување на сите форми на владино финансирање - „субвенционирање" - на медиумите е добра, затоа што води кон чистење и консолидирање на пазарот, без кое не можеме вистински да сметаме на имплементација на реформи, знаејќи дека неодржливоста на пренатрупаниот пазар е главниот извор на медиумска корупција„, вели Георгиевски.

### 8.1 Предвидени клучни мерки

Предвидените клучни мерки опфатени во Наративниот План се фокусираат на изразување на силна политичка волја и поддршка од страна на Владата, медиумите да се осамостојат и да не бидат под политичко влијание, вклучително да се укине Владиното рекламирање на комерцијалните и јавниот радиодифузен сервис. Една од мерките предвидува и подготвување преглед на сите досегашни случаи на физички и вербални напади и притисоци, говор на омраза и сл. врз новинарите.

### 8.2. Исполнети клучни мерки

Првата исполнета мерка е Усвојување изјава за изразување на силна политичка волја и поддршка од Владата и институциите за континуирана примена на Етичкиот кодекс за медиумско известување. Владата на седницата одржана на 05.09.2017 г. Донесен е Заклучок.

На 17.08.2017г. во Владата се одржа првиот брифинг пред новинари и уредници, на кој се презентираа идеите за работата на Секторот за комуникации, кој ќе функционира како сервис за граѓаните и медиумите.

Владата заедно со министерот без ресор задолжен за комуникации, транспарентност и отчетност, Роберт Поповски подготвија преглед на сите досегашни случаи на физички и вербални напади и притисоци, говор на омраза и сл. врз новинарите.

Донесување Одлука на Владата за стопирање со владини реклами на комерцијалните радиодифузери (со исклучок на социјални медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис е четвртата мерка од медиумскиот реформски план. На 22.08.2017г. Владата на 24-та седница донесе заклучок за престанување со емитување.

Петта исполнета мерка е Отворање дијалог со медиумската заедница и граѓанските организации за можни измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во декември минатата година се одржа јавна дебата за потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Една од најважните мерки која ги засега медиумите е Усвојување на Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги. На 20.02.2018г ,Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше усвоен од страна на Владата. Законот е во собраниска процедура и се одржа јавна дебата во Собрание на 27.03.2018г. До сега овој закон помина и второ читање, но поради опструкции од опозицијата, се уште не е изгласан.

Последна исполнета мерка од предвидените во наративниот план е Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП македонска радиодифузија. На 20.02.2018, Владата ја одржа 56-та седница кога се усвои Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија.

## 9. ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

„Имаме намера дијалогот на Владата со граѓанското општество да биде континуиран, транспарентен и целосно инклузивен. Имаме вистинска шанса Македонија конечно да ја извлечеме од долгогодишната криза и суштински, еден по еден, да ги решиме длабоките проблеми. Тоа води кон заеднички напредок. Тоа води кон квалитетен живот на сите во Република Македонија“[12]

Со користењето на анализите и стратешките документи од граѓанските организации, Владата предвидува усвојување на Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2018-2020г.

### 9.1. Предвидени клучни мерки

Дел од предвидените мерки опфаќаат формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, Информирање на јавноста за спроведените истраги за заплашување и притисоци врз граѓанските организации како и објавување и континуирано

12 Изјава на ПВРМ Зоран Заев, 5 јули, 2017

ажурирање на регистарот на граѓански организации согласно Законот за здруженија и фондации и респективните е-маил адреси на страната на Централен регистар на Република Македонија.

### 9.2. Исполнети клучни мерки

Во однос на предвидените клучни мерки, Владата во овој период успеа да ги исполни следните:

- Зголемување на минималниот број денови за консултации на ЕНЕР (Единствен национален електронски регистар на прописи) од 10 на 20 дена, со измена на Деловникот за работа на Владата.
- Воспоставување електронска база на податоци на доделените средства за граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Македонија за периодот 2012 – 2016 година, во која ќе бидат внесени сите донесени одлуки.
- Донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, по спроведени сеопфатни консултации со граѓанските организациии и спроведување транспарентна постапка за избор на членовите на Советот
- Започнување широк консултативен процес за нова Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2018г.-2020) со директно и суштинско учество на граѓанските организации.
- Усвојување од страна на Владата на Анализа на спроведувањето консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики на Владата и органите на државната управа, со препораки,
- Усвојување на нова Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со Акциски план за спроведување за периодот 2018-2020.
- Информирање на јавноста за спроведените истраги за заплашување и притисоци врз граѓанските организации
- Усвојување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход,
- Почнување на дијалог за изготвување на најпогоден модел за даночниот третман на граѓанските организации од аспект на данокот на добивка.

## 10. ИЗБОРИ

И покрај минималните забелешки од ОБСЕ/ОДИХР во текот на изборните процеси во РМ, со аферата со прислушкувањето се разјасни текот на истите во последните неколку години, односно притисоците и заплашувањата. Поради ова, Владата се обврза да отвори дебата за изборниот систем се со цел да се усвои Нацрт-план за реформи.

### 10.1. Предвидени клучни мерки

- Отворање на сеопфатна дебата со сите релевантни фактори за законската и институционалната рамка за изборниот систем врз основа на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и експертот на Совет на Европа
- Дефинирање и усвојување на Нацрт-план за реформи за изборниот систем. Имплементацијата на реформата започнува веднаш и треба да заврши најмалку шест месеци пред следните избори

### 10.2. Исполнети клучни мерки

Владата со прифаќање на препораките од ОБСЕ/ОДИХР најпрво усвои Декларација со укажување дека, во врска со изборите, нема да се дозволи заплашување и притисок врз администрацијата, со охрабрување да се пријавуваат евентуалните случаи на притисок до надлежните органи при што ќе следи суспензија на раководните лица доколку се утврди злоупотреба. Следни превземени чекори беа дополнување на Правното одделение во Државната изборна комисија, усвојување на упатсво за користење на државни ресурси од страна на учесниците и кандидатите за време на изборен период и мерки за да се спречи истото, потоа постепено се усвојуваа одредени подзаконски акти според препораките.

Во однос на Државната изборна комисија, Владата донесе одлука за да се реши проблемот со просторот во кој се наоѓа ДИК, потоа препорача на ДИК, нејзините единици да бидат отворени за јавноста за да се зголеми транспарентноста, како и да се продолжи соработката помеѓу ДИК и МВР за тековно ажурирање на Избирачкиот список. Во однос на мерката за отворање на дебата, се разгледуваа препораките и мислењата и се покренаа различни прашања во врска со изборниот систем, додека што се однесува на втората мерка, одржани се средби помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ и се договорени теми по кој ќе се одвива дијалогот понатаму.

## 11. МИГРАЦИИ И ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

Миграциите и граничното управување како важен безбедносен и социо-економски фактор, Владата ги вклучи во овој план и формираше преговарачки тим за преговори со ЕК за Статусниот договор со Европската служба за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС).

### 11.1. Предвидени клучни мерки

Потпишување на Договор меѓу Владата на РМ и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија-ФРОНТЕКС, склучување на Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство на РМ и МВР во врска со зајакнување на соработката за борбата против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, донесување на Законот за меѓународна и привремена заштита, Донесување на Законот за странците, Изработка на анализа на ризик за интегрирано гранично управување (ИГУ) во МВР, Формирање на аналитички центар во НКЦИГУ, за изготвување на анализи на ризик на стратешко ниво согласно CIRAM стандардите на Фронтекс.

### 11.2. Исполнети клучни мерки

Во врска со првата мерка, на 12.03.2018 е реализирана видео конференција за отпишување на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија-ФРОНТЕКС и следната рунда преговори е во тек. На 03.01.2018, склучен е Меморандумот за соработка помеѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи во однос на зајакнување на соработката за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Во склоп на оваа мерка, назначени се раководител и членови на Националната единица за борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе и формирани се мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и за жртви на трговија со луѓе. Законот за меѓународна и привремена заштита е усвоен од Влада на 27.02.2018, помината е собраниската процедура и чека на усвојување.

Законот за странци е усвоен од Влада на 03.04.2018 и е доставен до Собрание. Во ноември, 2017 година, изработена и објавена е анализа на ризик за интегрирано гранично управување во МВР, од страна на МВР. Акцискиот план за Интегрирано гранично управување (ИГУ) за 2018г. година со мерки за развој на ИГУ (2015-2019) е усвоен на Влада на 18.01.2018г. Формиран е аналитички центар во Национален КЦИГУ, за изготвување на анализи на ризик на стратешко ниво согласно CIRAM стандардите на Фронтекс, и веќе од 09.01.2018г. е започнато со обуки.

## 12. ОХРИДСКИ ДОГОВОР

Во однос на овој последен дел од планот, Владата нема предвидено посебни мерки, туку се обврза да го подобри и унапреди имплементирањето на Охридскиот договор и поради тоа на своја седница на 20.08.2017, го усвои текстот на предлог Законот за употреба на јазиците и беше усвоен од Собранието на 14.03.2018г.

## 13. ЗАКЛУЧОК

Вице-премиерот задолжен за Европски Прашања, Бујар Османи изјави дека 90 % од Планот 3-6-9 се оствари и со тоа Македонија се врати на вистинскиот пат, а тоа е Евроатлантскиот Пат. Како што заклучивме од направената анализа и од податоците кои можевте да ги прочитате од истражувањето, 95 % од мерките веќе се спроведуваат, меѓутоа постои една пречка, а тоа е недостигот на волја од страна на опозицијата, која постојано го успорува процесот на изгласување со тоа што бара непотребни дополнителни консултации и дискусии за оние закони кои се донесуваат со двотретинско мнозинство од пратениците во парламентот. Тој истакна дека сите реформи се направени преку транспарентен и инклузивен процес и дека белешките од граѓанскиот сектор и од опозицијата беа спроведени. “Ви давам порака од Брисел дека Македонија успеа да спроведе продуктивна реформска агенда и да се врати на патот кон ЕУ. Планот “3-6-9” успешно се спроведува.“ [13]

Од друга страна, организации како Институтот за демократија “Социетас Цивилис“ според своите истражувања и набљудувања на целиот процес, тврди дека Планот 3-6-9 ја постигна својата примарна цел, а тоа е да добие чиста препорака од Европската Комисија, меѓутоа и покрај големата политичка волја која се чувствува во Македонија, целиот процес на имплементација на реформите е долг и тежок процес и има многу пречки кои што треба да ги прескокнеме. [14]

Ние како тим кој макотрпно го истражуваше овој процес, го делиме мислењето со останатите спроведени сродни истражувачки трудови, и сметаме дека треба да има добра координација на реформските процеси и сето тоа да се спроведе преку ново креирани механизми за ревизија на исполнувањето на реформите.

13 Османи: Планот „3-6-9“ е 90 отсто реализиран, Иванов да го потпише Законот за јазици. Мета -новинска агенција. http://meta.mk/osmani-planot-3-6-9-e-90-otsto-realiziran-ivanov-da-go-potpishe-zakonot-za-jaztsi/ . 2018

14 Трка на 3-6-9 со пречки. Препораката е обезбедена, што понатаму? Набљудување на спроведувањето на последните три месеци од Планот 3-6-9. Социетас Цивилис. 2018

## ПРЕПОРАКИ:

1. Реформите треба да продолжат, па дури и веќе новодонесените да бидат цел на континуирано подобрување. Треба да се насочиме кон целосно градење на капацитети кои ги налага Европското Законодавство и да не запреме тука, затоа што безусловната препорака од Европската Комисија не значи дека патот е целосно поминат. Напротив тоа значи дека Република Македонија доби само повторно шанса и време за имплементација на квалитетни реформи како и целосно подобрување на политичката атмосфера.
2. Прочистување на сите претходно донесени закони и нивно меѓусебно усогласување, како и усогласување со Уставот на Република Македонија
3. Во однос на продолжување на реформите во јавната администрација, препорачуваме воведување на вид на стандардизиран тест за компетенции, за да се утврди бројот на нестручен кадар во институциите.
4. Во однос на реформите на медиумите, препорачуваме програмскиот совет да биде поголемо претставничко тело (како европските медиумски совети), со цел обезбедување на влијание од страна на јавноста.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Работен документ на службите на комисијата- Извештај за Република Македонија. *Собрание на Република Македонија.* https://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf . 2015
2. Меѓународна Соработка. *Собрание на Република Македонија.* https://www.sobranie.mk/dokumenti-rm-eu-cbb3490c-fe7d-4750-82f4-67c619c46a6a.nspx. 2016-2017
3. Работен документ на службите на комисијата- Извештај за Република Македонија. *Собрание на Република Македонија.* https://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/izveshtaj_na_evropskata_komisija_za_republika_makedonija_2016_godina-mk2-raboten_prevod.pdf . 2016
4. Чаловска Неда, д-р. Стојановски Воислав, м-р. Јованоски Александар. Извештај во сенка за Поглавје 23. *Хелсиншки комитет за човекови права.* 2016
5. Фактографски извештај за имплементација на Планот 3-6-9. *Секретаријат за Европски прашања.* http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/MKD.pdf . 2018
6. План за итни реформски приоритети 3-6-9. *Влада на Република Македонија.* http://vlada.mk/plan-3-6-9 . 2017--2018
7. Б.А. Премиерот Зоран Заев го претстави Планот 3-6-9. *Академик.* https://www.akademik.mk/premierot-zoran-zaev-go-pretstavi-planot-3-6-9-reformski-dokument-za-priblizhuvane-na-rm-do-evroatlantskite-integratsii/ . 2017
8. МИОА ги чешла институциите, бројката од 115.729 вработени не е реална. *Макфакс.* https://makfax.com.mk/daily-news/миоа-ги-чешла-институциите-бројката-о/ . 2017
9. Османи: Планот „3-6-9" е 90 отсто реализиран, Иванов да го потпише Законот за јазици. *Мета-новинска агенција.* http://meta.mk/osmani-planot-3-6-9-e-90-otsto-realiziran-ivanov-da-go-potpishe-zakonot-za-jaztsi/ . 2018
10. Трка на 3-6-9 со пречки. Препораката е обезбедена, што понатаму? Набљудување на спроведувањето на последните три месеци од Планот 3-6-9. *Социетас цивилис.* 2018
11. Пендаровски Стево. Интервју спроведено од авторите (И. Сара, П. Милена, К.Марија, П.Христина). 10.04.2018

12. Маричиќ Бојан. Интервју спроведено од авторите (П. Христина, П.Милена, И.Сара). 10.04.2018
13. Фрчкоски Љубомир. Интервју спроведено од авторите (М. Влатко, И.Сара) 18.04.2018
14. Манчевски Дамјан. Интервју спроведено од авторите (П.Христина, П.Милена) 08.05.2018
15. Георгиевски Дејан. Интервју спроведено од авторите (П. Христина) 13.05.2018

# СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сашо Мержаноски
Денис Исмаили
Евгенија Јанакиеска
Јован Камчев
Мухамед Реџиќ
Данчо Божиновски

## Извршно резиме

Мотив на овој е труд е да ги детектира главните проблеми со кои се соочуваат работниците при формирањето на синдикатите и нивното активно функционирање, како и да одговори на прашањето зошто синдикатите со години потфрлаат во својата мисија и не ги испорачуваат очекуваните резултати.

Синдиалното организирање е од суштинско значење за сите работници, бидејќи е единствениот начин како работниците можат да дејствуваат за заштита на нивните права, а со тоа и обезбедување на достоинствен живот во својата земја. Синдикалното органзирање во Македонија е на колена, а овој труд ќе се обиде да ги наведе главните причини зошто е тоа така.

## 1. ВОВЕД

Работата е темелот на благосостојбата на луѓето. Пристојната работа обезбедува приход кој води до економски и социјален напредок, ги зајакнува индивидуите, нивните семејства и пошироките заедници. Таа е извор на лично гордост, стабилност на семејството и мирот во зедницата. Пристојната работа е клучниот елемент во напорите за намалување на сиромаштијата и средство за да се оствари еднаков, инклузивен и одржлив развој на сите земји, во развој и развиени (International Labour Organization, 2008).

Една од алатките преку кои граѓаните можат да го реализираат правото на слобода на мисла е и остварувањето на правото на слобода на здружување, јавен собир и мирен протест. Оваа слобода на собир без претходна дозвола и без какво било вмешување или попречување е симбол на нивото на развој на демократијата и слободата во едно општество и токму затоа претставува една од највисоките вреднувани човекови права. Преку ова право и колективно изразување заеднички интереси доаѓа до континуиран

тек на јавната дебата и размена на мислења што понатаму води кон еден суштински развој и прогрес во општеството.[1]

Синдикалните организации се форма на колективно изразување на незадоволството од позицијата на работничките права, активен општествен чинител кој постојано треба да преговара за подобро место на работникот. Работничките права во својата суштина се човекови права. Затоа, Република Македонија, земја чиј стремеж е да стане дел од Европската Унија, неопходно е силно и недвосмислено да ги почитува, поддржува и постојано унапредува човековите права, особено поради фактот што колективната меморија на македонското општество сведочи дека континуирано се кршат или повредуваат тие права кои треба да се фундаментални за секого. Па така, за секоја влада треба да биде императив социјалниот дијалог, бидејќи без социјална правда нема демократија.

## 2. СИНДИКАТИ, ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА

Синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која тие доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси.

Работниците имаат право, по свој слободен избор, да основаат синдикат без какво било претходно одобрување и да се зачленуваат во него под условите пропишани со статутот или со правилата на тој синдикат. Тие слободно одлучуваат за своето стапување и истапување од синдикатот. Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или нечленство во синдикатот. Член на синдикатот може да бара судска заштита во случај на повреда на неговите права утврдени со статутот или со другите правила на синдикатот. Синдикатите се средство на работниците да се заштитат од кршењето на нивните права, пред се како граѓани, а потоа и како работници. Работниците преку синдикатите можат заеднички да ги артикулираат своите незадоволства и да извршат притисок врз повисоки инстанци со цел остварување на нивните права или унапредување на истите. Работниците преку синдикатите можат да бараат надоместок на штета или пак судска заштита.

Работодавачите не смеат да бараат од работниците да склучат договор под услов тој да влезе или не во синдикат или да истапи од него. Работодавачите не смеат да му го раскинат договорот за вработување или на друг начин да го стават работникот во понеповолна положба од другите работници поради негово членство во синдикатот или поради учество во синдикални активности надво од работното време. Работодавачите и синдикалните водачи не смеат да користат присила против било кој работник за влегување во сојузите.[2]

## 3. ЗОШТО СЕ ПОТРЕБНИ СИНДИКАТИТЕ?

Заради остварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати и да се зачленат во синдикат по сопствен избор. Работникот не е моќен сам да преговара за поголеми права. Мал број работници се информирани за своите права од работен однос што е главната причина зошто тие не знаат ниту да си побараат некое право ниту пак знаат како да се заштитат. Оттука и потребата за здружување во синдикат.

1 Правото на слобода на мисла и изразување и слобода на мирен собир и здружување: меѓународни и домашни стандарди и практика/ Донче Бошковски, Маргарита Цаца-Николовска-Скопје, Институт за човекови права, Декември 2010

2 https://zdruzenie.glasno.press/index.php/sindikat.html

Работниците кои се членови во синдикат имаат можност да ги добијат сите потребни информации од стручните служби на синдикатите и уживаат соодветна заштита во поглед на заштитата на правата од работен однос. На своите членови, синдикатот им обезбедува бесплатна правна помош и совети при остварувањето на правата од работен однос, организира и едукатитивни семинари, работилници и обуки за јакнење на своите капацитети и подигање на свеста кај своето членство. Синдикатот бара на сите работници да им се обезбеди достоинствена работа, да бидат уредно пријавени, да примаат редовна плата, исплата на надомест за прекувремена и ноќна работа, искористување на правото на годишен одмор во целост, согласно закон, плаќање на придонесите од плата. Синдикатот е единствен кој се залага за почитување на човековите права и слободи, за правна држава, демократија и слободен пазар и води вечна борба против кршење на работничките права. Исто така синдикатот се бори за почитување на личноста и интегритетот на секој работник, се бори против злоупотреба на работничкиот труд, против работа на црно, корупција, дискриминација и вршење на мобинг врз работниците. Само здружени во синдикат, работниците имаат право на колективно преговарање за регулирање на условите за вработување, работа, како и на другите права од работниот однос; како и право на штрајк и на преземање на сите форми на синдикални акции.[3]

Примери за подрастични намалувања на работничките права:

Преку зголемување на старосната граница за одење во пензија, за разлика од порано, работничките треба да работат дополнителни 7 години за да можат да одат во пензија, а работниците дополнителни 4 години. Така, ако во 1993 година работничките одеа во пензија со 55, а работниците со 60, денес работничките одат со 62, а работниците со 64 години во пензија. Покрај тоа, укината е можноста да се оди во пензија, односно да се добие право на старосна пензија, само врз основа на остварен работен стаж (кој беше 40 години за мажи и 35 години за жени).

Ќе го спомнеме и правото на штрајк, кое е особено важно, бидејќи се работи за важно средство кое им стои на располагање на работниците за да ги заштитат своите права и интереси. Преку промените во законските одредби работниците се лишени од правото да организираат штрајк без синдикат, почетокот на штрајкот е условен со потенцијално одолговлекувачката постапка за помирување помеѓу работниците и газдата, ефикасноста на штрајкот е загрозена поради определувањето на работи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк и, можеби најстрашно, воведена е можност штрајкот да биде судски забранет, а работодавецот да побара и да добие надомест на штетата, која ја претрпел поради организирањето на штрајкот за кој судот пресудил дека е незаконски. [4]

Во нашата анкета која ја спроведовме на тројца истакнати активисти во полето на синдикалното органзирање, дојдовме до заклучок дека кршењето на работничките права се случува речиси во сите сектори, како во кожарската и текстилната индустрија, тешката индустрија, приватниот сектор, така и во медиумскиот и во културниот сектор. Како типични примери на повреда на работничките права би ги навеле: доцнење или неисплата на платите, закани, притисоци, мобинг, одземање на дневницата за теренска работа, укинување на унапредување, унапредување според партиски заслуги, неплатена постојана прекувремена работа, неплатена работа за празник и во недела, неможност за синдикално организирање и неработење на државниот инспекторат.[5]

3 http://rabotnickiprava.mk/directory/синдикално-организирање/

4 http://lenka.mk/tag/rabotnicki-prava/page/2/

5 Анкета, Бранимир Јовановиќ специјален советник во Министерство за финансии на РМ, Сања Арсовска, претседателка на СКРМ, Кристина Ампева – Гласен текстилец

## 4. НЕДОСТАТОЦИ И ПРОБЛЕМИ НА СИНДИКАТИТЕ

Во Македонија постојано се намалуваат работничките права. Ова е емпириски факт кој го потврдуваат сите релевантни извештаи на оваа тема. На пример, според Херитеџ фондацијата, во 2006 година 56 земји во светот имале повисоки работнички права од Македонија, а во 2017 година, тој број изнесува 124 земји. Слично е и според рангирањата на Фрејзер Институтот. Во Македонија еден работник може да се вработува со договори на определено време до 5 години, по што договорот мора да се конвертира во договор на неопределено време (т.е. постојано вработување). Во Франција, овој период изнесува само 18 месеци. Со тоа што работниците се вработуваат со договори на определено време, тие се држат во неизвесност, зашто не знаат дали договорот ќе им биде продолжен или не. Тоа пак ги одвраќа од борба за своите права, што е уште една одлика на современото ропство.[6]

**Во Република Македонија е извршена маргинализација на синдикатите.** Од една страна тие значајно ги имаат изгубено своите членови, а од друга се намалува нивното влијание на работодавачите и власта преку минимизирање на социјалниот дијалог. Иако законите забрануваат дискриминација на синдикатите, во практиката постои распуштање на синдикалните организации, а овие случаи за да се решат во судовите вообичаено е потребно две до три години. Бројот на синдикалци драматично опадна и бројот продолжува да паѓа ако не се направи нивна мобилизација. Околу две третини од работниците не се синдикалци, а синдикатите без членство и без членарина немаат пари за реализација на акции, па затоа најголемиот дел од синдикатите се развиваат клиентелистички со партии, фондации.  Исто така огромен проблем се непостоечките синдикати во приватните странски фирми. Во ниедна од фирмите нема синдикат и работниците сметаат дека работодавачите би санкционирале обиди за синдикално организирање. Во една фирма има пример кога работници кои се обиделе да се организираат за да одбранат одредени свои права, биле избркани од работа.[7]

## 5. ПАРТИЗАЦИЈА НА СИНДИКАТИТЕ

Генералниот впечаток на граѓанските здруженија за синдикатите е дека тие се продолжена рака на партиите.

Во последните години се случуваше силна партизација на државните институции од страна на владеачките партии. Институциите, нормите и прописите кои треба да обезбедат заштита на јавниот интерес се уредени на начин кои им овозможува на владеачките политички партии одлуките да ги донесуваат врз основа на сопствените интереси и волја. Вработувањето во јавната администрација, како и напредувањето во неа, не се врши врз основа на знаења и остварени резултати, туку пред се врз основа на партиската припадност. (Тоа најдобро е илустрирано во извештаите за напредокот на Република Македонија од страна на Европската комисија). Како директна последица на партизацијата на институциите е зголемената недоверба во судството. Па така, остварувањето на правата на работниците не е можна, ако тие не се еднакви пред законот. [8]

6 https://www.faktor.mk/rabotnichki-prava-moderen-rob-na-21-vek- Работнички права: Модерен роб на 21 век!; Бранимир Јовановиќ. Интервју Фактор, 01 Мај 2017

7 Апасиев, Димитар, гостување, Нова Тв ВЕБ портал

8 Пристојна работа во Република Македонија, Тевдовски, Драган, Октомври, 2011

## 6. СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

Поимот социјален дијалог е релативно нов поим кој асоцира на дијалог кој е воспоставен и се води помеѓу социјалните партнери, синдикатот, владата и работодавачите за решавање на економско-социјални прашања и проблеми, како и заедничко креирање на правна регулатива, вработување и услови на работа. Социјалниот дијалог (бипартитниот и трипартитниот) зависно од тоа каков третман тој има во едно општество во голема мера влија врз општествените промени (позитивно или негативно). Развиениот социјален дијалог создава позитивна клима, хармонија и разбирање на социјалните партнери во креирањето на заеднички економско-социјални политики, додека слабиот и неразвиен социјален дијалог создава конфликти, недоразбирање и неусогласеност во однос на економските и социјалните политики. Социјалниот дијалог создава мирно и просперитетно општество, додека отсуството на истиот може да резултира со социјални немири и индустриски конфликти кои негативно се одразуваат на вкупниот општествен развој. Сепак, во Македонија, социјалниот дијалог треба пред се да се воспостави целосно, а потоа и да се унапредува. Слабиот социјален дијалог се должи на недостигот на членство во синдикатите, слабите синдикални водачи, т.н. жолти синдикати и досегашното доминантно влијание на власта во социјалниот дијалог.[9]

Нашите испитаници од теренската анкета, цврсто стојат на ставот дека е исклучително потребен функционален социјален дијалог, како најсилен механизам кој би ја натерал Владата да соработува со синдикатите, онака како што соработува со работодавачите. Македонија како земја која претендира да стане членка на Европска Унија, е обврзана да овозможи клима за развој на социјалниот дијалог, кој би ги вклучил и синдикатите во креирањето на законите и политиките и на тој начин би се елиминирале штетните политики по синдикатите.[10]

**Можеби еден од најголемите проблеми за функционалноста на синдикатите и реалното остварување и унапредување преку нив на работничките права, е појавата на жолтите синдикати.** Жолтите синдикати се синдикати кои се формирани од работодавачот или пак тој влијае врз раководството, што значи дека тие воопшто не се независни. Синдикалните федерации се премногу блиски до власта, дека синдикалните функционери далеку повеќе ги интересира синдикалната фотелја од синдикалната борба и дека, дури и кога искрено се на страната на работниците, синдикалните активисти се недоволно активни.

Во Македонија најголем дел од синдикалните водачи се или барем беа во спрега со работодавачите и власта и тоа оневозможуваше воспоставување на продуктивен и функционален социјален дијалог. Тезата на жолтите синдикати е дека социјалниот дијалог во Македонија функционира и дека поради тоа тие не го повикуваат своето членство на протест. Па така социјалниот дијалог функционира, меѓутоа на штета на работниците. Се носи една мерка која им помага, но во пакет се носат уште серија други кои се премолчуваат и се на нивна штета. [11]

Тројцата испитаници се согласуваат дека „жолтите синдикати" се огромен проблем и дека најголем дел од синдикатите се во својата суштина „жолти". Од нив не може да се види никаква активност, никакво договарање и преговарање во корист на работниците, само процедурално се потпишуваат на документите на коишто треба и удобно се сместени во своите фотељи. Од нив веќе е очекувано да не се присутни на полето на

9 Majhosev, Andon (2012) Социјалниот дијалог како фактор на позитивни општествени (економско-социјални) промени во светот. In: Megunarodna Konferencija - Ekonomski fakultet, Stip, Macedonia )

10 Анкета, Бранимир Јовановиќ специјален советник во Министерство за финансии на РМ, Сања Арсовска, претседателка на СКРМ, Кристина Ампева – Гласен текстилец

11 Трибина: Поради „жолтите синдикати" нема социјален дијалог во Македонија! https://civilmedia.mk/poradi-zholtit-sindikati-nma-sozialn-dialog-vo-makdonia/

социјалната борба. Водачите ги гледаат синдикатите низ призмата на своите лични интереси, забораваат кому му служат и ги застапуваат интересите на партиите, власта или бизнис секторот.[12]

## 7. ПРЕКАРИЈАТНА РАБОТА

Прекаријатот работи во несоодветни услови, за минималец или без било каков надоместок, не му се исплаќаат придонеси и прекувремени часови. Социјалната и економската несигурност со кои секојдневно се соочува, го фрла на социјалната маргина. Иако за прекаријатот се говори како за глобален феномен, оваа „поткласа“ во Македонија е многу побројна, отколку во другите европски земји - всушност, речиси, тука таа е поизразена од класичната работничка класа. Па така оваа огромна групација на работници без договори за неопределено време која секојдневно се зголемува не се врзува за синдикати бидејќи живее во неизвесност и страв од губењето на работно место. За синдикатот, мора да важат неколку правила во однос на работните односи, како пречка да не се случуваат вакви појави. Како прво, основата на секој работен однос треба да биде договорот за работа на неопределено време или договор на определено време со вработување. [13]

## 8. ЗАКЛУЧОК

Во Македонија претставува проблем да се најде пристојна работа за просечен работник. Пристојна работа подразбира почитување на човековите правата, меѓу кои и правата од работен однос, како и човеково достоинство. Кога човекот оди на работното место, тој не престанува да биде човек, а штом не престанува тогаш неговото достоинство мора да се почитува.[14] Статусот на човековите права во Република Македонија, 20 години од почетокот на транзицијата, сè уште е незадоволителен, сè уште нè прави „млада“, „недоразвиена“ демократија. Но, при оценката што и недостасува на оваа млада, недоразвиена демократија, обично одговорите се концентрираат на незадоволителното досие во поглед на остварувањето на личните и политичките права. Работничките права се важен сегмент од корпусот на човекови права, сегмент без кој целината е нецелосна. Во Република Македонија работничките права во претходните 20 години драстично се намалија преку промените во законската регулатива, а многу од правата кои и понатаму фигурираат во законските акти не се почитуваат. Оттука, досието на работничките права, како составен дел од човековите права, е исклучително лошо и фрла сериозна дамка врз севкупната состојба со човековите права во нашата земја. Затоа, повеќе од потребно е, фокусот да биде на работничките права и нивно постојано унапредување бидејќи личните и политичките права се многу важни за обезбедувањето на живот достоен за човек. [15]

12 Анкета, Бранимир Јовановиќ специјален советник во Министерство за финансии на РМ, Сања Арсовска, претседателка на СКРМ, Кристина Ампева – Гласен текстилец

13 Прекаријат-полукласата што ја истисна работничката класа, Костовски, Љубомир, Мицковски, Васил, Скопје, Септември, 2014

14 Здравко Савевски, Дебатирањето менува: Работничките права не се човекови права, радио дебата, International Debate Education Association

15 http://lenka.mk/wp-content/uploads/2012/10/obezbrednuvanje_na_trudot.pdf ,

## ПРЕПОРАКИ

- Зголемување на активноста и фунционалноста на Државниот инспекторат
- Вршење притисок за формирање на синдикати во приватните фирми
- Организирање на обуки за вработените, за значењето на работничките права и придобивките од синдикалното организирање
- Поддршка и развој на трипартитниот социјалниот дијалог со цел активно вклучување на синдикатите во креирање на политики
- Локално, национално и регионално поврзување на синдикатите и поврзување и поддршка од влијателните медиуми

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. 1.Правото на слобода на мисла и изразување и слобода на мирен собир и здружување: меѓународни и домашни стандарди и практика/ Донче Бошковски, Маргарита Цаца-Николовска-Скопје, Институт за човекови права, Декември 2010
2. 2.Пристојна работа во Република Македонија, Тевдовски, Драган, Октомври, 2011
3. 3.Majhosev, Andon (2012) *Социјалниот дијалог како фактор на позитивни општествени (економско-социјални) промени во светот*. In: Megunarodna Konferencija - Ekonomski fakultet, Stip, Macedonia
4. Прекаријат-полукласата што ја истисна работничката класа, Костовски, Љубомир, Мицковски, Васил, Скопје, Септември, 2014
5. Старова др. Гзиме, “Трудово право и работни односи”, Мисла, Скопје, 2003.
6. Акти на Советот на Европа
7. Европска социјална повелба, 1961
8. Повелба на заедницата за основните права на работниците, 1989
9. Повелба за фундаменталните права на ЕУ, 2000.

# ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ

Рада Бојаџиеска
Благица Кицева
Силхан Саитов
Ивана Николиќ

## Извршно резиме

Предметниот документ за јавна политика дава преглед на состојбите со квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија, со осврт на состојбите со квалитетот на амбиентниот воздух во агломерацијата Скопски регион.

Состојбите на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија укажуваат на фактот дека го загадувањето на воздухот во урбаните средини е значително поголемо за разлика од руралните средини Според Светската здравствена организација (СЗО), загадувањето на воздухот предизвикува повеќе од 2.000 000 предвремени смртни случаи во светот, како последица од урбаното загадување на воздух или изложеноста на загаден внатрешен воздух (во затворени простории)

Проблемот на загадувањето на амбиентниот воздух во Република Македонија е комплексен проблем и истиот е зависен од повеќе процеси, капацитети, ресурси и чинители,. Имено Недостатоци во процесите на донесување на плански документи и нивното имлелемтирање, недостатокот на човечките и финасиските русрси, како и одредени недостатоци во законската регулатива ја создава комлексноста на состојбите.

Овој докумет дава препораки кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух, за кои е потребни истите да бидат долгорочно спроведувани и во континуитет.

## 1. ВОВЕД

Овој документ за јавна политика прави преглед на состојбите со квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија, со посебен фокус на состојбите со квалитетот на амбиентниот воздух во агломерацијата Скопски регион, со цел да ги идентификува клучните проблеми со кои се соочуваат клучните чинители, Министерството за животна средина и просторно планирање и Град Скопје, во текот на нивното справување со загадувањето на амбиентниот воздух, и да креира заклучоци и препораки кои би ги надминале клучните проблеми.

За да се постигне целта на овој документ за јавна политика беа спроведени две интервјуа и десктоп анализа. Имено, беа спроведени интервјуа со претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и град Скопје, и десктоп анализа на постоечките јавни политики, истражувања и извештаи за квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија.

Прегледот на состојбите на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија доведува до сознанија  дека одредени загадувачки супстанции сериозно го загадуваат амбиентниот воздух во урбаните средини, а помалку во руралните средини во Република Македонија.  Всушност, од оценката на квалитетот на воздухот направена врз основа на мониторинг на квалитетот на воздухот поставени во агломерацијата Скопски регион се покажа дека најкритична загадувачка супстанца во агломерацијата Скопски регион претставуваат суспендираните честички: концентрациите на PM10 ги надминуваат среднодневните и просечните годишни гранични вредности, концентрациите на PM2.5 ги надминуваат просечните годишни гранични вредности во целиот регион, нивоата на азот диоксидот и бензенот покажуваат локални надминувања на граничните вредности во централните делови на градот, јаглерод моноксид е надминат во внатрешноста на градот, озон е надминат во целата област, бензо(а)пирен е надминат на целните вредности, без надминувања кај тешките метали[1].

Во овој документ се прави анализа на проблемот со загадениот амбиентен воздух, притоа за амбиентен воздух се смета надворешен воздух во долниот дел на тропосферата со исклучок на воздухот во работната средина, додека за загаден воздух се смета промена на квалитетот на амбиентниот воздух како резултат на човековите дејства со непосредно или посредно внесување на загадувачки супстанции коишто можат да бидат штетни за човековото здравје и за животната средина, или да предизвикаат штета по материјалниот имот и да ги нарушуваат или да влијаат врз природните убавини и другите легитимни начини на користење на животната средина[2].

## 2. ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ

### 2.1 Преглед на изворите на загадување на воздухот

Извори на загадување на амбиентниот воздух се: инсталации во кои се одвиваат технолошки процеси, согорување на отпад, производство на енергија; мотори со внатрешно согорување вградени во непатни подвижни машини, локомотиви, бродови и авиони; мотори со внатрешно согорување вградени во возила; согорување на сите видови горива и природни појави[3].

За главни извори на загадувачи на амбиентниот воздух се сметаат патниот сообраќај, индустријата и произвоството на енергија, греењето во домаќинствата, земјоделството, отпадот, градежништвото и слично.

1 План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион. Скопје, 2017 година

2 Законот за квалитет на амбиентниот воздух, „Службен весник на РМ", бр. 100 од 6.8.2012

3 Законот за квалитет на амбиентниот воздух, „Службен весник на РМ", бр. 100 од 6.8.2012

**Табела 1: Извори на загадување и нивниот удел во емисии на загадувачки супстанции**[4]

| Извор на загадување | Емисии[5] на загадувачки супстанции |
|---|---|
| Патен сообраќај | Азотни оксиди, Јаглерод моноксид, Бензен и суспендирани честички, тешки метали и полициклични ароматични јаглеводороди |
| Индустријата | Суспендирани честички и тешки метали |
| Производството на енергија | Сулфурни оксиди, азотни оксиди, суспендирани честички и јаглерод моноксид |
| Греењето во домаќинствата | Јаглерод моноксиц, суспендирани честички, полициклични ароматични јаглеводороди и NMVOCs |
| Земјоделството | Амонијак |

Имено, производството на електрична и топлинска енергија е клучен извор за вкупните национални емисии на сулфурни оксиди (со удел од 91%), азотни оксиди (со удел од 59%) како и тешките метали Ni (со удел од 35%), Cd (со удел од 54%) и Hg (со удел од 46%). Од друга страна согорувањето на дрва за затоплување во домаќинствата е клучен извор во вкупните национални емисии на цврсти честички со удел од 33% до 57% (во зависност од големината на честичките), како и во вкупните емисии на јаглерод моноксид со удел од 71%, емисиите од сообраќај имаат значителен удел во вкупните национални емисии на јаглерод моноксид (со удел од 13%) како и во емисиите на азотните оксиди со 17%. Што се однесува до индустриски процеси тие, особено металуршката индустрија најмногу придонесуваат во емисиите на HCB (со удел од 96%), Pb (со удел од 52% цврсти честички со удел со околу 20%. Земјоделието, особено одгледувањето на добиток е клучен извор во емисиите на амонијак (88%), додека во останатите сектори има многу понизок удел[6].

**Табела 2: Извори на загадувачките супстанции**[7]

| Загадувачка супстанца | Извори |
|---|---|
| Суспендирани честички (PM10 и PM2,5) | Морска сол, природно суспендирана прашина, полен, вулканска пепел, согорување на горива за производствона енергија, инцинерација, греење водомаќинствата и согорување на горива од возилата |
| Азот диоксид | Греењето, производството на енергија и согорување на горивата во моторите на возилата |
| Сулфур диоксид | Согорувањето на фосилни горива, топењето на минерални руди кои содржат сулфур, производство на електрична енергија и топлина |
| Озон | Издувните емисии од возилата |
| Јаглерод моноксид | Греењето во домаќинствата со користење цврсти горива и од патниот сообраќај |
| Полициклични ароматични јаглеводороди | Нецелосното согорување на горивата и согорување на органски материи |
| Тешки метали | Преработка на руда, употребата на фосилни горива и неконтролираното палење отпад |
| Испарливи јаглеводороди | Греењето во домаќинствата, употребата на растворувачи, сообраќајниот сектор и земјоделството |

4 Извештај за оценка на квалитетот на воздухот во Република Македонија за период 2005 – 2015 година. Министерство за животна средина и просторно планирање. Скопје, 2017 година

5 "емисија" е испуштање на загадувачки супстанции во амбиентен воздухот

6 Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина. Министерство за животна средина и просторно планирање. Скопје, 2017 година

7 Извештај за оценка на квалитетот на воздухот во Република Македонија за период 2005 – 2015 година. Министерство за животна средина и просторно планирање. Скопје, 2017 година

## 2.2 Преглед на загадениот воздух и неговите ефекти

Според Светската здравствена организација (СЗО), загадувањето на воздухот предизвикува повеќе од 2.000 000 предвремени смртни случаи во светот, како последица од урбанотозагадување на воздух или изложеноста на загаден внатрешен воздух (во затворени простории). Повеќе од половина од ова оптеретување се јавува во земјите во развој. Оптовареноста на болести од животната средина ги квантифицира болестите, предизвикани од еколошки ризици. Според проценката на СЗО надворешното аерозагадување во Република Македонија е одговорно како атрибутивен ризик за дополнителна смрт на 300 лица или 0,8 DALY (Disability Adjusted Life Years - Години на живот корегирани во однос на неспособноста или инвалидитетот) на 1000/жители/година, додека внатрешното аерозагадување е асоцирано со смрт на помалку од 100 лица или 0,2 DALY на 1000/жители/година[8].

Суспендираните честитки $PM_{10}$ и $PM_{2,5}$, се најчесто споменувани индикатори за загадување на воздухот со потенцијален ефект по здравјето на луѓето и тоа пред се поради својот дијаметар кој им овозможува да дојдат до најситните патишта во белите дробови, но и поради својот специфичен хемиски полнеж кој зависи од изворот на загадување. Детектираните концентрации на $PM_{10}$ во државата даваат основа за загрижувачки високо влијание на стапките на општата и специфична смртност. Согласно проценките во 2010 година од 4602 умрени лица во Скопје (без насилна смрт), 110 лица директно починаа како последица на зголеменото аерозагадувањето од PM10, како атрибутивен ризик, а од 8630 хоспитализирани од респираторни заболувања во 2010 година, 420 болни се како последица на зголеменото аерозагадување од PM10 смртност[9].

**Главни ефекти од загадувањето на воздухот се:**

- Штетно влијание врз здравјето на луѓето, непосредно (директно) или посредно преку таложење на штетните супстанци и нивно внесување во човековиот организам преку храната;
- Закиселување на екосистемите (почвените и водените), што доведува до губитоци кај флората и фауната;
- Еутрофикација во екосистемите на земја и во вода, што доведува до промени во диверзитетот на видовите;
- Оштетување и загуби во приносот кај земјоделските култури, шумите и друга вегетација заради изложеност на озон на површината на земјата;
- Влијание на тешките метали или отровните металоиди и тешко разградливите органски загадувачки соединенија врз екосистемите, заради нивната токсичност врз животната средина и заради биоакумулацијата;
- Влијание врз климата;
- Намалување на видливоста во атмосферата;
- Оштетување на материјалите и градежните објекти заради изложеност на закиселувачки загадувачки супстанци и озон[10].

8 Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година.

9 Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година.

10 Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина. Министерство за животна средина и просторно планирање. Скопје, 2017 година.

**Табела 3:Загадувачки супстанции и нивни здравствени ефекти**[11]

| Загадувачка супстанца | Здравствени ефекти |
|---|---|
| Суспендирани честички | Може да предизвика влошување на кардиоваскуларни и белодробни заболувања, срцеви удари, аритмија, рак, артериосклероза, негативни исходи кај новороденчиња и респираторни заболувања кај деца. Исходот може да биде предвремена смрт. |
| Озон | Може да предизвика намалување на белодробната функција, влошување на астма, белодробни заболувања, предвремена смрт. |
| Азот Диоксид | Зголемена смртност предизвикана од кардиоваскуларни и респираторни болести и морбидитет на респираторни заболувања. |
| Сулфур диоксид | Може да ја влошува состојбата со астма, да ја намали белодробната функција, да предизвика воспаление на респираторниот тракт, да предизвика главоболки, генерална неудобност и вознемиреност. |
| Полициклични ароматични јаглеводороди | Канцероген |
| Јаглерод моноксид | Може да предизвика срцеви болести, оштетувања на нервниот систем, главоболки и замор. |
| Тешки метали | Кангероген |

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ

Република Македонија ја превзема Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот во 1997 од СФРЈ, додека во 2010 година ги ратификуваше Протоколот за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа, Протоколот на Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на испуштањето на азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување; Протоколот во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур; Протоколот за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување; Протоколот за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти; Протоколот за перзистентни органски загадувачки супстанции; Протоколот за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приземниот озони; Протоколот за тешки метали. Покрај ова, Република Македонија во 1997 година ја ратификува Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и во 2004 година протоколот од Кјото.

Имено, Уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина преставува  темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија,  предвидено во член 8 од уставот на Република Македонија. Оттука, **Законот за животна средина** како генерален правен акт ги определува основните начела за заштита на животната средина во кои спаѓаат и начелата кои се однесуваат на квалитетот на амбиентниот воздух. Согласно овој Закон, амбиентниот воздух преставува и еден од главните предуслови за здрава животна средина[12].

Од друга страна, **Законот за квалитет на амбиентниот воздух** ги регулира граничните и целните вредности поврзани со квалитетот на воздухот; граничните вредности за емисии од различните извори на загадување; управувањето и оценката на квалитетот на воздухот и мониторинг на емисиите во воздухот; планирањето на заштитата на квалитетот

11 План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион

12 Закон за животна средина, „Службен везник на РМ“ бр. 53/05 од 05.07.2005

на воздухот; надзорот и одговорните органи за спроведување на законодавството[13]. Со овој закон се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух врз човековото здравје, како и за животната средина како целина. Овој закон има за цели да ги избегне, спречи и намали штетните ефекти врз човековото здравје и животната средина; да обезбеди соодветни информации за квалитетот на амбиентниот воздух; да ги спречи и намали загадувањата кои предизвикуваат промена на климата и одржување на квалитето на амбинталниот воздух. За вршење на инспекциски надзор надлежен е Државниот инспектор за животна средина, кој има овластување да врши увид и контрола дали се исполнети условите за заштита и за подобрување на квалитетот на воздухот, како и да презема други мерки за кои е овластен според закон. Исто така, законот пропишува и прекршочни одредби во максимален износ од 20 000 евра за правно лице или за трговец поединец кој постапува спротивно на одредбите од овој закон и пропишува донесување на подзаконски акти, кои поконретно ја уредуваат предметната материја.

Значајно е да се напомене дека Кривичниот Законик на Република Македонија, содржи цела глава на кривични дела против животната средина и природата. Во овие кривични дела се предвидуваат затворски казни до 10 години.

Од страна на надлежните органи на Управата – Владатата и Министерството за животна средина и просторно планирање, усвоени и донесени се Планови, Уредби, Правилници и Програми кои се однесуваат на мерните станици, начинот на мерење на амбиентниот воздух, граничните вредности и слично, а се со цел одржување на квалитетот на амбиентниот воздух, како и мерки за негово подобрување.

Донесувањето на **Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година** е законска обврска на Владата на Република Македонија согласно одредбите од овој Законот. Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија содржи презентација на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух во Македонија, а исто така со овој план се дефинираат мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, за периодот за кој е и е усвоен, односно 2013 - 2018 година. Овој документ ја прикажува состојбата со емисиите на загадувачките супстанци и квалитетот на воздухот, ги дефинира мерките за подобрување на квалитетот на воздухот на целата територија на Република Македонија, воедно таксативно ги наведува и сите релевантни институции одговорни за имплементација на мерките со цел подобрување на квалитетот на воздухот и тоа како локално, така и на национално ниво[14].

Покрај овој план, Владата на Република Македонија во текот на јули 2012 донесе **Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на определените загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија** со цел прогресивно да се намалат националните годишни емисии на одредени загадувачки супстанции во амбиетниот воздух, за определен период, во која се определуваат мерките за редукција во однос на горните граници-плафони на емисија и проекциите за редукција на количините на емисии на загадувачки супстанции на годишно ниво од 2012 до 2020 година. Во Националната програма се вклучуени податоци од донесени и предвидени политики, се прикажани основни мерки и направена е квантификувана проценка на ефектите на политиките и мерките за редукција на емисија на загадувачките супстанции во воздухот[15].

13 Закон за квалитет на амбиентниот воздух, „Службен весник на РМ", бр. 100 од 6.8.2012

14 Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година. Достапно на http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalen-plan-za-zastita-na-vozduhot-2013-2018.pdf

15 Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на определените загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија. Достапно на http://airquality.moepp.gov.mk/airquality/wp-content/uploads/2013/01/Nacionalna-programa-za-redukcija-na-emisiite.pdf

Исто така, со поддршка на твининг проектот финансиран од ЕУ: „Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот" е изготвен **План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион** со цел да се обезбеди стратегија за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерацијата Скопски регион, која ги опфаќа општините во рамките на Град Скопје (Аеродром, Бутел, Центар, Чаир, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај и Шуто Оризари) и руралните општини Арачиново, Чучер-Сандево, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Зелениково. Согласно резултатите од инвентарот на емисии и оценките на квалитетот на воздухот, во планот се предлагаат краткорочни и долгорочни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот[16].

Од Законот за квалитет на амбиентниот воздух произлегува и потребата од изготвување на краткорочен акционен план, доколку податоците од мониторингот, или другите податоци покажуваат дека постои ризик од надминување на прагот на алармирање во поглед на квалитетот на воздухот кај една или повеќе загадувачки супстанции. Така, произлезе и **Краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух во град Скопје и општините во град Скопје** со цел да се намали ризикот и времетраењето на надминувањата[17]. Со овој краткорочен акционен план, при алармантни состојби Град Скопје презема краткорочни мерки насочени кон намалување и елиминирање на ризикот од изложување на штетни загадувачки супстанции во воздухот и брзо ограничување на времетраењето на таквите услови, истражување и идентификување на причините и информирање и предупредување на населението за можните здравствени ефекти причинети од загадувачките супстанции во воздухот.

## 4. КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВ УСПЕШНОСТА ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ

За да се идентификуваат клучните проблеми за неуспешното справување со загадувањето на амбиентниот воздух од страна на клучните чинители одговорни за оценување и одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија, беа спроведени интервјуа со претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и град Скопје, за прибирање на квалитативни податоци. Со анализа на примарните и секундарните податоци, во овој документ се дефинирани неколку клучни проблеми.

### 4.1 Недостатоци во процесите на донесување на плански документи

Во процесот на креирање на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година не беа вклучени сите

16 План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во агломерација Скопски регион. Достапно на http://www.skopje.gov.mk/Uploads/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BA%D0%B-2%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B2%D0%BE%D0%B7%D0%B4%D1%83%D1%85%D0%BE%D1%82.pdf

17 Краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух во град Скопје и општините во град Скопје. Достапно на http://www.aerodrom.gov.mk/Upload/Editor_Upload/fevruari%202017/%D0%9A%D0%A0%D0%90%D0%A2%D0%9A%D0%9E%D0%A0%D0%9E%D0%A7%D0%95%D0%9D%20%D0%90%D0%9A%D0%A6%D0%98%D0%9E%D0%9D%D0%95%D0%9D%20%D0%9F%D0%9B%D0%90%D0%9D%20%D0%97%D0%90%20%D0%97%D0%90%D0%A8%D0%A2%D0%98%D0%A2%D0%90%20%D0%9D%D0%90%20%D0%90%D0%9C%D0%91%D0%98%D0%95%D0%9D%D0%A2%D0%9D%D0%98%D0-%9E%D0%A2%20%D0%92%D0%9E%D0%97%D0%94%D0%A3%D0%A5.pdf

релевантни чинители на проблемот, не беа вклучени сите релевантни претставници од чинителите и не беа вклучени високи стручни, експертски и политички капацитети. Затоа, планот е направен без соодветна стручна, финансиска и политичка перспектива, со голема амбициозност на вклучените лица, кое резултираше со нереални и неспецифични мерки во кои недостига финансиски и политички контекст.

Во процесот на креирање на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во агломерација Скопски регион беа вклучени соодветни стручни и експертски капацитети, но, не беа вклучени функционери од релевантни чинители. Затоа, планот се соочува со недостиг на солидна политичка ангажираност, иако постои политичка волја.

Всушност, може да се генерализира дека планските документи, како што се: Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година и План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација Скопски регион се соочуваа со несоодветна и нецелосна партиципација на високи стручни, финансиски и политички капацитети.

## 4. 2 Недостатоци во процесот на спроведување на планските документи

Во процесот на спроведување на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година се забележува недостиг на координација, континуитет во координација и синхронизација во спроведувањето на планскиот документ, иако постои интерсекторска работна група составена од претставници на повеќе чинители кои продуцираат извештаи и препораки за понатамошната имплементација. Всушност, спроведувањето на мерките за заштита, одржување и подобрување на амбиентниот воздух од Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година е делумно.

Во процесот на спроведување на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во агломерација Скопски регион има соработка на град Скопје и другите Скопски општини и координативни состаноци на градоначалникот на град Скопје со градоначалниците на скопските општини. Всушност, спроведувањето на мерките за подобрувањето на квалитетот на воздухот на локално ниво во агломерација Скопски регион од Јануари 2017 до сега, е речиси целосно.

Градот Скопје не е чадор институција на скопските општини, градот Скопје работи во рамки на неговите пропишани надлежности и не дава задолженија, а останатите скопски општини работат во рамки на нивните пропишани надлежности. Имено, градот Скопје дава само препораки, но не може да дава задолженија на другите скопски општини по однос на решавање на проблемот со загадувањето на амбиентниот воздух. Всушност, скопските општини, независно од град Скопје, носат одлуки за алоцирање на ресурси, креирање на плански документи и спроведување или неспроведување на мерки за надминување на проблемот со загадувањето на воздухот.

Во планските документи има јасна дефинираност и поделба на интеренциите, но недостига јасна перцепција, координација и интерсекторска соработка во спроведувањето, поради разликите во идеите, политиките, капацитетите и ресурсите во и помеѓу централната и локалната власт. Од впечатокот што се стекнува од односот на центалната и локалната власт во однос на загадувањето на амбиентниот воздух, може да се забележи дека овој проблем не е еден од нивните поголеми приоритети и дека овој проблем не е третиран во континуитет, туку проблемот со загадувањето на амбиентниот воздух се актуелизира во одредени периоди кога ќе се надминат граничните вредности на загадувачките супстанции, и само тогаш централната и локалната власт прават видливи напори за надминување на проблемот.

Мерливоста на спроведувањето на мерките од планските документи е компромитирана поради големиот број на одговорни чинители, недостигот на интегриран и мултисекторски пристап на чинителите, измени во временската рамка на нивното спроведување и неспецифичноста во алоцирањето на финансиски средства.

### 4.3 Недостатоци во законската регулатива

Се што е донесено и воспоставено како јавна политика во Република Македонија во однос на оценување и одржување на квалитетот на амбиентниот воздух е согласно европските стандарди и норми, но не е во согласност во севкупниот контекст на Европската Унија, бидејќи Република Македонија има различна географска положба, институционална поставеност и капацитети, ресурси и можности. Сепак, Република Македонија добро котира во однос на мониторинг, евалуација и известување за квалитетот на амбиентниот воздух, во европски рамки. Имено, националното законодавство е 97% хармонизирано со европското законодавство, односно Законот за животна средина, законот за квалитет на амбиентниот воздух и осумнаесетте подзаконски акти се синхронизирани со европското законодавство. Во националната законска регулатива за квалитетот на амбиентниот воздух нема јасна и специфична забрана за користење на одредени материи кои ослободуваат загадувачки материи и казнени мерки при нивно користење за загревање од страна на домаќинствата. Исто така, може да се истакне дека единствено недостига регулација на само еден до два правилници во склад со европската регулатива, кои ќе бидат воспоставени во текот на оваа година.

Покрај овие закони и подзаконски акти, постоечкиот Законот за зеленило нема позитивно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух, поради тоа што истиот е декларативен, без нормативи и мерки за заштита на зелените површини. Затоа, донесениот Закон за урбано зеленило воведува целосен систем за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото, финансирање и управување со зеленилото, како и надзор над примената на овој закон.

### 4.4 Недостиг на човечки ресурси и експертиза

Бројот на вработени лица во централната и локалната власт е значително мал и несоодветен во однос на потребниот број на лица за соодветно спроведување на законската регулатива и планските документи. Во одредени локални самоуправи нема ниту едно лице или има само едно лице кој е одговорен за животна средина. Покрај недостигот на вработени, мал е бројот на постоечките вработени кои имаат соодветни знаења и потребна експертиза за вклучување во справувањето со проблемот на загадувањето на амбиентниот воздух. Всушност, недостига продукција на кадри и експерти од областа на екологијата во рамки на терциерното образование.

### 4.5 Недостиг на финансиски ресурси

Средствата кои се алоцираат за спроведувањето на планските документи, од страна на централната и локалната власт се ниски и несоодветни во однос на дефинираните политики во планските документи за справување со загадувањето на воздухот. Ресорните министерства и локалните самоуправи не успеваат да ги алоцираат потребните средства, поради тоа што ресорните министерства не алоцираат соодветна количина на средства и немаат интерсекторска соработка и координација во алоцирање на средства, а локалните самоуправи не алоцираат соодветна сума на средства, немаат финансика моќ и немаат комплетна децентрализација. Имено, за да се надмине проблемот со загадувањето на амбиентниот воздух во Скопскиот регион потребни се голема сума на средства.

Дополнително, Министерството за животна средина и просторно планирање не води евиденција за сумата на алоцирани средства изолирано само за проблемот со загадувањето на воздухот, бидејќи неспецифично, многу средства директно и индиректно се насочени кон надминување на проблемот.

Министерството за животна средина и просторно планирање и град Скопје искористуваат средства од меѓународни организации за планирањето на справувањето со загаденоста на амбиентниот воздух. Во однос на средства од меѓународни организации, Министерството за животна средина и просторно планирање смета дека се користат средства од меѓународни организации, но нивното користење е хаотично, недоволно и некоординирано. Додека, град Скопје смета дека не се користат средства од меѓународни организации за споведување на мерки од планските документи.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Од кратката анализа на примарните и секундарните податоци за квалитетот на амбиенталниот воздух кои беа предмет на обработка во овој краток документ за јавни политики може да се заклучи дека проблемот на загадувањето на амбиентниот воздух е комплексен проблем и зависен од повеќе процеси, капацитети, ресурси чинители, и сл, а надминувањето на проблемот со загадувањето на амбиентниот воздух е процес кој ќе трае неколку години.  Од анализата на клучните проблеми за неуспешното справување со загадувањето на амбиентниот воздух може да се донесат неколку заклучоци.

Прво, постоечките јавни политики за справување со загадувањето на амбиентниот воздух во Република Македонија се во согласност со европските стандарди и норми, но не се целовкупно компатибилни и применливи во контекст на нашето општество, јавните политики се креирани без соодветна ресурсна и политичка перспектива и контекст, без соодветни влезни ресурси, и дел од содржините на јавните политики се декларативни и неприменливи во пракса.

Второ, спроведувањето на јавните политики е ограничено и несоодветно поради значително малиот број на вклучени човечки ресурси и експертиза во однос на потребниот број на лица и есквертиза, ниската сума на алокацирани и искористени средства, како и несоодветна координација во мобилизирањето и користење то на локални, национални и меѓународни финансиски ресурси.

Последно, спроведувањето на планските документи за квалитет на амбиентниот воздух е сериозно загрозена поради недостигот на јасна и функционална институционална поставеност и механизми, недостигот на интерсекторска соработка, синхронизација, координација и континуитет во координација.

## ПРЕПОРАКИ

Пренамена на средства во Буџетот на Министерството за животната средина и тоа инвестиција на мрежа за инсталација за грејни тела со мала загаденост,а пренамента  на средствата да се однсуваат од инсталацијата на мерни станица. Оваа мерка наоѓа оправдување од причина што територијата на РМ е покриена со мерни  станици. .

Со цел успешно да се намалат емисиите во воздухот, потребно е да се напра ват напори од страна на централните и власти, компаниите, како и од страна на граѓаните. За успешно подобрување на квалитетот на воздухот политиките за квалитетот на воздухот треба да се усогласат со другите политики за енергија, клима и транспорт на национално и локално ниво.

Република Македонија кон крајот на 2019 година да има и примарни и секундарни гасоводи што е значително за намалување на загадувањето на воздухот од примена на фосилни горива во домаќинствата.

Мерките поврзани со намалувањето на емисиите од греењето во домаќинствата и патниот сообраќај треба да имаат приоритет, поради значителното влијание кое овие сектори го имаат врз квалитетот на воздухот

Државата мора да обезбеди финансии за поддршка на мерки за заштеда и ефикасно користење на енергијата како и користење на обновливи извори, на тој начин директно ќе ја намали стапката на енергетска сиромаштија, која во Македонија е на многу високо

За да се постигне значаен напредок во областа со управување со квалитетот на воздухот (особено во однос на цврстите честички) потребно е целосна имплементација на мерките дефинирани во Националниот план за квалитет на воздух, Планот за квалитет на воздух за агломерацијата Скопски регион и Плановите и мерките за квалитет на воздух на ниво на општина со особен акцент на примена на мерките со кои би се редуцирале емисиите и концентрациите на цврстите честички во воздухот.

Во областа на производство на електрична енергија намалување на емисиите на загадувачките супстанци се остварува преку зголемување на уделот на обновливи извори во вкупната енергетска потрошувачка, преку спроведување на активностите наведени во дозволите за усогласување со оперативните планови на инсталациите за производство на топлина, издавање на дозволи за постоечките термоелектрани како и преку субвенции за набавка на печки на пелети.

Усвојување и имплементација на Закон за контрола на емисиите од индустријата во согласност со новата директива за индустриски емисии, чија имплементација во идните години ќе доведе до намалување на емисиите во индустрискиот сектор.

Да воведат системот на парни и непарни возила (односно режим кога во текот на еден ден може да возат само возила со парен број на регистарската табличка, а наредниот ден оние со непарен број) и да се воведе ограничување на автомобилите чии мотори имаат непотполно согорување на горивото - забрана за управување возила со ЕУРО I, II и III стандард.

Да ја засили контролата над градежните зафати на територијата на град Скопје, во соработка со Општините на градот и да инсистира на поставување на соодветна заштитна мрежа околу објектот за намалување на прашината.

зачувувањето на градското зеленило е од клучна важност за квалитетен и чист воздух. зачувувањето и одржувањето на постоечките зелени површини е првиот чекор кој треба да се превземе.

Во урбаните средини, засадувањето и оддржувањето тревни површини, нискостеблести растенија и бршлени, популарно наречени зелени ѕидови е исклучително корисно бидејќи зелените ѕидови ги абсорбираат ПМ честичките од воздухот1

создавањето услови за користење велосипеди и промовирањето на велосипедот како превозно средство е една од најпопуларните мерки во земјите од ЕУ. различните видови јавен превоз.

Министерството за животна средина и просторно планирање треба да забрани работа на индустриските капацитети кои не поседуваат А интегрирана дозвола. Имено, капацитетите требаше да ја усогласат својата работа со најдобрите технологии до април 2014 година.

## КОНСУЛТИРАНИ И ПРЕПОРАЧАНИ ИЗВОРИ


1. Закон за животна средина
2. Закон за квалитет на амбиентниот воздух
3. Извештај за оценка на квалитетот на воздухот во Република Македонија за период 2005 – 2015 година
4. Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина
5. Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година
6. Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Република Македонија
7. План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион
8. Краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух во град Скопје и општините во град Скопје